магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 64 страници
Година 1 Број 11
Јануари 2023 г.
Цена 150 ден.



МЕГАИНТЕРВЈУ

## ДОНЕ ТАНЕВСКИ

Генерален менаџер на Македонија турист

*„За развој на туризмот се потребни стратегија и добра инфраструктура*

ОБРАЗОВАНИЕ
**М-р Јулијана ПЕТРОВСКА**
За квалитетно образование се потребни квалитетни учебници

ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД
**Саид Сержио МУСАГИ**
Образованието е основа за развој на секоја земја

КОЛУМНА
**М-р Билјана ПРОЕСКА**
Станува ли луксуз образованието во земјава?

ISSN 2671-3934
5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА



**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3


МЕГАИНТЕРВЈУ: **Доне ТАНЕВСКИ,** генерален менаџер на Македонија турист 4


ОБРАЗОВАНИЕ: **М-р Јулијана ПЕТРОВСКА,** Учебникарството на штета на идните генерации 12


КОЛУМНА: **М-р Билјана ПРОЕСКА,** Очекувања за образовните процеси во 2023 18


ТЕМА: **Јануари го изгоре џебот на граѓаните** 22


МОЈА ОПШТИНА: **Висар ГАНИУ,** градоначалник на Општина Чаир 28


РЕПОРТАЖА: **Водно - „белите дробови“ на Скопје** 34


ДУРБИН: **Кратки вести од светот** 40


АВИОБИЗНИС: **Егзотичните дестинации атрактивни за зимскиот период** 44


ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Сержио МУСАГИ,** Образованието е основа за развој на секоја земја 48


КОМПАРАЦИЈА: **Празничната еуфорија дома и во светските метрополи** 54


УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ
И МЕНАЏМЕНТ
СКОПЈЕ
МИР БОЖЈИ
ХРИСТОС СЕ РОДИ!



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ИМА ЛИ ОПТИМИЗАМ ЗА ПОДОБРА 2023?

*Почетокот на годината носи нова надеж за подобра живеачка, за нови предизвици, но и страв од нови ризици. По сите турбуленции со пандемијата и со војната во Украина, граѓаните сакаат мир и стабилност, но се во грч од скапотијата, која удри по нивниот џеб. Бизнис-секторот, пак, очекува раздвижување на економијата и поголема профитабилност.*

*Но, гледано од глобален аспект, треба да се очекува дека годината што претстои ќе биде тешка и исполнета со многу тековни предизвици чиј интензитет е тешко да се предвиди. Ќе доминираат инфлацијата, високите цени на енергенсите и растот на каматните стапки, кои ќе го отежнуваат економскиот амбиент.*

*Во ова време-невреме, најскапоцениот ресурс остануваат луѓето, затоа и светските корпорации веќе скроија планови како да го задржат и дополнително да го мотивираат квалитетниот кадар. Државава мора да инвестира во човечкиот капитал, во подобрување на продуктивноста и постојано да прави кампањи за да го спречи одливот на мозоци.*

*Младите квалитетни кадри си одат од Македонија барајќи подобри услови за личен и за професионален развој. Некогаш самата плата и не е воопшто главната причина за „пакување на куферите“. Нерешените општествени проблеми и негативното опкружување, ги тераат квалификуваните млади да напуштат и добри позиции.*

*За да ги задржиме младите дома, потребно е да имаме квалитетно образование, да вложуваме во нашите таленти и да создадеме амбиент за подобра иднина.*

*Оптимизам има, но не и доволни мерки за позитивни промени. Сепак има надеж, надеж за подобра 2023 година!*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## ДОНЕ ТАНЕВСКИ

### Генерален менаџер на „Македонија турист“



# ТАНЕВСКИ: ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ СЕ ПОТРЕБНИ СТРАТЕГИЈА И ДОБРА ИНФРАСТРУКТУРА



**Доне Таневски е еден од најуспешните и најискусни стопанственици и долгогодишен прв човек на најголемата македонска хотелиерска компанија, „Македонија турист“. Во ексклузивно интервју за Магазинот за туризам и менаџмент зборува за состојбите во туризмот во земјава. Благодарејќи на визионерството, Доне Таневски денеска е сопственик и директор на синџир на хотели во рамки на компанијата „Македонија турист“: „Холидеј ин“, „Турист“, „Карпош“, „Јадран“, „Бристол“, „Белви“, „Водно“ и два ресторана.**

Таневски вели дека кај секој човек најважна е неговата личност, а за можностите во животот, вели дека ако имаш среќа да го фатиш возот, качи се, ако не ти се допадне, можеш да се симнеш на првата станица, а ако продолжиш, тогаш не може никој да те стигне.

Нумизматиката му е хоби, веќе има издадено една книга за монетите на македонските кралеви, а во овој момент ни откри дека пишува и втора книга за македонските градови.

Во однос на туризмот, пак, вели дека

состојбите не се најповолни, дека има многу сива економија и тоа не се санкционира, дека нема кадар, не се плаќа ДДВ. Струјата, вели, до крај нè дотолчи, а поддршка од државата нема. За развој на туризмот треба да се подобри инфраструктурата, а како држава не знаеме да го искористиме и да го зголемиме девизниот прилив од туризмот.

**Господине Таневски, како долгогодишен и успешен стопанственик во хотелиерството, како ги оценувате генерално состојбите во туризмот во земјава? Медиумите, кога пишуваат за Вас, Ве нарекуваат најголем хотелиерски магнат, па верувам дека одлично ја познавате состојбата во овој сектор?**

Јас веќе 51 година сум во оваа професија, од моите студентски денови, а состојбата во туризмот ја оценувам како не баш најповолна. Не само во овој период, туку и во периодот на Југославија, бевме, да не речам, на последно место. Овде се и новите светски движења што негативно влијаат на целиот развој на настаните. Од една страна тоа, а од друга страна е и либералниот дел во економијата, кој сака да прави во оваа држава или во овој град е една отежнувачка околност. Тоа не е само случајот со Македонија, тоа во делот на тој либерален однос кон економијата е и во времето на Реган, каде што тотално се напушти сè. Тој дојде до ситуација да го канализира тоа, да се плаќаат даноците, а ние и до денешен ден сме 40 проценти во сивата економија за плаќање ДДВ, а тоа се одразува и на хотелиерството. Ние ова на некој начин го укажуваме онаму каде што треба, меѓутоа нема сили или нема намера некој тоа да го стопира. Во Скопје има преку 200 хотели, преноќувалишта и хостели, секој стан се издава, што е уште поголем предизвик за едно нормално работење. Ние сме фирма што на оваа држава не сме ни помислиле да не ѝ платиме, а не ДДВ или сите давачки што се по закон одредени. Ние долги години сме немале контрола, сега дојдоа, ама нема што да видат, сè е точно и сè е платено. Најголемата придобивка е што сум чесен спрема оваа држава. Јас сакам да придонесам да ја кренеме, другите не мислат баш така. Во една ваква состојба, каде што има многу хотели, слушам дека, на пример, ако плаќаш со картичка цената е таа, а ако плаќаш со кеш цената е друга, значи, јасно е што се прави и како се прави. Ама тоа не е само ситуација во хотелиерството, земете ја на пример „Пластичарска", тие до денешен ден ти даваат роба на парагон-блок. Дали има оваа држава малку претстава дека тоа треба да се стопира и да се тргне по еден ред – не знам.

Значи состојбата во туризмот е многу лоша од овие два аспекти, а третиот аспект е што ние немаме доволно кадар. До април, мај, се снаоѓаме со повратниците од надвор, но по тој период остануваме со кадарот што од разно-разни причини останува тука, а тоа значи дека или се стари или не ги сакаат на хрватско приморје, па остануваме со кадар што не е квалитетен. Сите бараат високи плати, и јас сум за тоа, но немаме можност како профит тоа да го извадиме.

**Имавме период на пандемија со Ковид-19, а годинава што измина беше порелаксирана за туризмот, дали имавте успешна година?**

Очекувам дека резултатите оваа година ќе бидат позитивни, но не од редовното работење. Од редовното работење можеме да бидеме или минус или на некоја нула. Добивката што ќе ја имаме е од нашиот финансиски менаџмент, од тоа што имаме доволно пари, кои ги вложуваме претежно во банки и сега во најново време во купување државни обврзници и акции од познати фирми од светот. Ова пред 2019 година беше на едно високо ниво, по короната почна да паѓа, а сега покажува една тенденција на зголемување, па очекуваме некоја добивка од таму. Така што, ќе ја завршиме оваа година добро, меѓутоа не е тоа што сме го имале

порано. Ние, на пример, порано сме имале по два-три милиона профит, а сега дали ќе имаме 500-600 илјади со овие две работи ако се стабилизира работата. Ние, како фирма, не се плашиме од конкуренција, но само да биде лојална, а на пример, имаме состојба каде што поткупуваат наши вработени, па ги разнесуваат гостите по станови, претежно по станови. Затоа оваа држава треба да го земе предвид она што му се случи на Берлин. Берлин со закон го укина издавањето станови, ниту на „Ер-би-ен-би" не може да се најде, затоа што реагираа хотелиерите. Значи самите раководства во државите се виновни за ваквите појави, треба да ги отворат очите за плаќање ДДВ. Не може да ми бидат тие нелојална конкуренција кога ние плаќаме сè, како ДДВ и сите законски обврски, а тие избегнуваат тоа да го прават и се одржуваат вештачки.

**По ковидот, дојде и енергетската криза. Колку влијае таа негативно врз вашиот бизнис?**

Ова што се случи со струјата, до крај нè дотолчи. Еден месец сме платиле над 100.000 евра за струја. Платата е помала отколку струјата. Што не сме направиле како мерки, сите водиме контрола, се штеди, па успеавме да намалиме на 50 – 70 илјади евра во овој период кога и немаме работа. Замислете да имаме работа, тоа пак би било 100.000 евра. Значи, тоа се тие фактори што интимно фирмите ги чувствуваат. Што се однесува до самиот туризам, овие две години да не се повторат. Се преземаат некои активности во тој дел, со туристичките агенции со кои соработуваме. Тие имаат укажувано за некои правци каде да се движиме, затоа што ние претежно имавме туристи од Турција и од Далечниот Исток. Храната исто така е зголемена над 50%, струјата 300-400% е зголемена, на период цената доаѓа и до седум пати поголема, па сме во неповолна состојба.

Со сите наши ангажмани во делот на штедење, на строга контрола, ние успеваме да заштедиме околу 15 – 20 илјади евра, меѓутоа, ако се погледне колку гости имаме ние, можеби дел од таа заштеда е тоа што немаме гости, тоа е страшно.

**Многу од хотелите, посебно од охридскиот регион, најавија дека нема да бидат отворени за празниците, оти токму поради енергетската криза би имале повеќе загуба отколку добивка. Дали се стравува дека многу од нив ќе стават и клуч на врата?**

Да, голем дел од хотелите беа затворени за новогодишната ноќ, а инаку, секако, понудата зависи од формирање на цената, ако има потрошувачи да ја платат таа цена, тие ќе дојдат, ќе има гости. Меѓутоа, не е само струјата во прашање во овој момент, тука се намирниците и сето останато, од средства за одржување, до средства за чистење, ама нема што не е покачено. Штом е поврзано со нафта, со бензин, со енергија, нема спас, сите мора да ги зголемат цените и сега кога ќе го внесеш трошокот, цената е таа, и затоа луѓето ставаат клуч на врата. Не е само струјата, луѓето се лажат, ако е само струјата, тогаш е многу лесно. Секое домаќинство си знае колку троши.

**Статистиката покажува дека годинава што измина има зголемување на бројот на туристите, но сепак тој е далеку помал од нивото пред кризата. Ова значи дека и ударот е најсилен кај хотелиерите што генерираат работни места. Дали добивте како сектор некаква поддршка од државата?**

Не, не добиваме никаква поддршка од државата. Оваа држава треба да знае како да го искористи она што беше во Југославија. Таму состојбата беше сосема друга, многу добро знам затоа што пет години бев претседател на Собранието на туристичката комора на Југославија, спроведувавме такви работи, резултатите беа извонредни. Оваа Македонија може да живее само од

патлиџани, Холандија од извоз на домати само во ЕУ има 26, 3 милијарди евра прилив. Само Струмица може да ја храни Македонија. Во социјализмот, еден од најбогатите градови во Македонија беше Ресен, од извозот на јаболка, а сега таму има само стари лица, некое детенце, некој државен службеник и некој што има приватен бизнис. Секакви дубиози има во оваа земја, државата ни се уништува и никој не е моќен веќе да направи нешто, има некоја надеж, но тешко вас, младите.

**Препознатлива ли е Македонија, како туристичка дестинација? Во изминативе години земјава се рекламираше како привлечна туристичка дестинација на најпознатите светски канали и магазини како Си-ен-ен, Форбс и слични, кои секако имаа ефект врз привлекувањето странски туристи. Дали треба државата повторно да размисли за овој начин на промоција?**

Да, тоа задолжително треба да се врати. Пак ќе кажам за бивша Југославија, се одеше на неколку саеми каде што претежно бевме поврзани со останатите југословенски републики, имавме кружни групи. Другите групи со тури ги носеа во Дубровник задолжително, па одеа на манастирските делови, па во Косово, Скопје, Охрид, одеа за Солун и од таму полетуваа. Имаше разно-разни групи што овде нè полнеа со гости. Сега тоа замре, гледам дека има некои обиди да се обноват тие тури-групи, кои тогаш претежно беа американски мешани групи, имаше и Јапонци, Канаѓани, Англичани, сега групите се претежно од источноевропските земји, кои не се во голем број, а најмногу се Турците.

**Што им се нуди на странските туристи? Дали е понудата во насока да се зголемува нивниот број или треба нешто драстично да се промени?**

За да има туристичко патување, потребен е мотив. Без мотив, не се патува, на крај и без мотив не се живее. Колку повеќе го промовираш мотивот, толку повеќе можеш да земеш од тој заеднички колач. Ние што имаме во Македонија? Скопје, Охрид, некои манастири што може да ги видат, но тие се специјални групи што ги интересира манастирскиот туризам. Треба да го организира некој тоа и да ги донесе овде, не е само Македонија во прашање. Не можеме ние само како Македонија да се нудиме, туку треба да се направат заеднички балкански тури. Имаат луѓе, на пример, што сакаат тоа да го видат, не им е ниту до планина ниту до море, туку ги интересира друг мотив. Порано Југославија била препознатлива, во САД кога ќе кажеш Дубровник, сите го знаеле, а сега кога ќе кажам дека сум од Македонија, прашуваат дали е тоа во Азија некаде?

**Генерално, какви реформи се потребни во туризмот за да се зголеми растот во овој сектор?**

УФ, тешко прашање. Прво е инфраструктурата, која не е добра. Видете го патот до Охрид, кој турист ќе го однесете со кола да дојде, макар и балкански турист бил, како, на пример, еве од Бугарија можат да дојдат многу, од Србија исто така, Албанија, Косово и така натаму. Без инфраструктура, ништо не правиме. Второ, сепак е мал капацитетот за туризам во Охрид, за масовен туризам треба многу повеќе. Во оваа Македонија во однос на категоризацијата не се знае што е што, телефонот е категоризација. Ако одиме кон Европа, мора да се применат европски стандарди. Тоа Југославија го виде како потреба. Во Загреб постоеше Институт за туризам, каде што работеа професори и стопанственици. Имаше и Комора на Југославија, каде што големите директори беа членови и на Собранието и на Управниот одбор, се дискутираше, а некои имиња беа светски познати. Почнавме со обработка на системот, каква да биде категоризацијата во Југославија. Имавме А, Б, Ц, Д, немавме ѕвезди, но Западот не го бараше тоа, па моравме според Запад да се



Доне Таневски, генерален менаџер на „Македонија турист“.



свртиме. Почнавме со работа, земавме два модела. Шпанскиот и австрискиот, односно швајцарскиот. Во времето на Југославија девизниот прилив беше некаде околу шест до седум милијарди, може најдобро до девет милијарди. Да дојде турист, му се даваше бензински бон за поевтина нафта или бензин, како што правеше и Грција на времето. Така што, многу нешта треба да се направат.
На пример, за категоризација се потребни од тројца до петмина луѓе, а 15 беа во таа комисијата од цела Македонија, колку да земат дневници. Скопскиот Ибис е со две ѕвезди, а знаете колку има? Четири ѕвезди. По кои принципи? Европски, македонски или скопски или телефонски. Дали ќе се освести ова држава еднаш дека вака веќе не може да функционира. Сега само гледаат да „дрпнат“, тоа е ужас што се случува во последно време.

**Кога спомнавте за хотелите, колку хотели со пет ѕвезди има во Македонија?**

Па во последно време има доста, но не е доволно, а и треба да се определиме дали ќе бидеме за масовен туризам или ќе бидеме за ексклузивен туризам. Може да се измеша едното со другото, тоа во Шпанија го има. Сум бил на неколку места во приморскиот дел. На пример, Палма де Мајорка е една посебна приказна, па таму можеш да го видиш и тоа и тоа. Тие имаат перфектни хотели со 5 ѕвезди, но има и хотели со 2 ѕвезди, таму е голема масовноста, доаѓаат многу туристи. Таму се заинтересирани и општината и градот и државата, тие вложуваат таму каде што има девизен прилив, ние не знаеме тоа да го искористиме. Гледаат на туризмот како на последна дупка, па ќе ѝ дадат на Агенцијата за промоција некоја „ситна“ пара за да може да отиде на некој саем. Меѓутоа она што треба да се прави е да се посетат најголемите светски саеми за туризам.

**Зошто нема светски брендови во хотелиерството во охридскиот регион, иако во минатото имаше некои најави за тој план. Дали можеби за инвеститорите не сме доволно атрактивни за развој на нивните бизниси?**

Прво, сите брендови продаваат лиценца и затоа не се заинтересирани, а луксузот си го прави своето, тоа чини многу. Пред да



Доне Таневски, во својата канцеларија.





влеземе во „Холидеј ин“, не сакаа името да ни го продадат. Првиот хотел беше во Љубљана, а вториот беше во Сараево поради Олимписките игри. Овде немаа мотив да ни продадат име и лиценца. Одвај успеавме, но генерално, постапката за добивањето на тие лиценци за светските брендови е многу тешка.

Во минатото сретнавме и со претставници од хотелот Хилтон. Кога им кажавме зошто сме дојдени, прашаа од каде сме и кога им кажавме, погледаа во документите и рекоа дека немаат никакви информации за Македонија, ни одговорија дека тоа треба да влезе во програма на компанијата, сопственикот да го погледне и да го одобри. Така што, тешко беше во тој период да се земе лиценца за Скопје, а камоли за во Охрид. Едноставно тие не се заинтересирани да продадат нешто и да немаат ништо од лиценцата. Некој ќе ја земе лиценцата и таа е толку, но сите давачки се отпосле, 2% од ова, 3% од она, има еден куп давачки што достигнуваат до 12%, кои постојано се зголемуваат. Лиценцата за „Холидеј ин“ ние ја добивме во 2000 година и сега ја обновивме, но таа може исто така и да се изгуби. На пример, доаѓаат брокери од брокерски куќи и прават процени.

**Спомнавте дека се соочувате со недостиг од работа сила, не може да најдете кадар за работа. Неодамна и организациите за туризам побараа државата да дозволи увоз на работна сила. Се согласувате со тоа?**

Мислам дека преку Комората се побара увоз на работна сила, што е најнормално во светот. Пред некој ден читав дека во Германија се неопходни работници, дури и неквалификувана работна сила. Замислете што ќе се случи! Па кај ќе најдеме ние квалитетни келнери, готвачи? Со судни маки овде ги задржуваме.

**За крај, според вас какви се прогнозите за туризмот?**

За жал, прогнозите не се многу оптимистички, додека не се завршат претходните работи, од она што има задача државата, што има задача стопанството, заедно со стопанските комори и сето она што значи контрола на извршување на работните задачи, нема да има резултат.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation

certifies that

# University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

# University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy



М-р Јулијана Петровска, раководител на библиотеката на Универзитетот за туризам и менаџмент.



**Учебникот по дефиниција претставува основна дидактички дизајнирана наставна алатка, преку кој се стекнуваат знаења и вештини и се формираат трајни вредности. Учебниците имаат развојна и формативна улога, па затоа е неопходно нивните компоненти да бидат хармонични, кохерентни и усогласени. Не може да се зборува за квалитетен образовен процес, а да не се земе предвид еден од основните предуслови за тоа – квалитетот на учебниците. Ако е училиштето еден вид продуцент на идниот човечки капитал на едно општество, место каде што се оформуваат индивидуалната и групната свест од која понатаму ќе зависи развојот на општеството, тогаш е учебникот еден од најнеопходните ресурси во процесот преку кој ќе се создава и ќе се развива тој капитал.**

За м-р Јулијана Петровска, која е раководител на библиотеката при Универзитетот за туризам и менаџмент, квалитетното образование е предуслов за секое понатамошно напредување и за севкупниот развој на секој поединец.

**„За подобрување на нашиот образовен систем се дискутира со децении**

# ПЕТРОВСКА: ЗА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ СЕ ПОТРЕБНИ КВАЛИТЕТНИ УЧЕБНИЦИ

**наназад, но сепак, квалитетни системски промени досега немало. Сведоци сме на парцијални решенија, главно на ниво на експерименти и на пилоти, на избрзано и неаргументирано внесување наставни програми осудени на неуспех во нашето општество, како и на непостојаност во нивното имплементирање. Тие досегашни решенија наидуваат на различни реакции во зависност од партиски или лични интереси, но речиси сите се согласни дека на нашиот образовен систем му се потребни итни и квалитетни реформи за постигнување на долгорочните цели“**, вели м-р Петровска во разговор за Магазинот за туризам и менаџмент.

Учебникарството претставува значаен фактор во развојот на културната и на националната свест и посебност на секој народ, а со тоа и на македонскиот народ.

**„Создавањето учебник, покрај другото, претставува вештина што мора постојано да се усовршува, а учебникот мора постојано да се приспособува на степенот на развој на науката за која се пишува, условите во кои се пишува и на потребите на оној за кого е наменет. Пишувањето учебник не е исто што и пишување какво било друго дело. Ова го знаеле и првите наши учебникари од средината на 19 век, почнувајќи од Партенија Зографски и Ѓорѓија Пулевски, Јордан Хаџи Константинов – Џинот и Кузман Шапкарев, како и авторите на посовремените учебници од минатиот и од почетокот на овој век“**, вели професорката Петровска и додава дека строгите критериуми за тоа кој може да биде автор или рецензент на учебник, поставеноста на издавачките куќи и односот на надлежните институции, се одлучувачки фактори што влијаат на квалитетот на учебниците.

**„Како географ, за пример ќе ги наведам авторите на учебниците по географија за основно и за средно образование. Зарем имаше некој што можеше да најде грешка и забелешка на еден проф. д-р Арслан Селмани, Драги Ставревски, проф. д-р Љубе Миленковски и уште неколкумина други, кои пред да станат познати и докажани учебникари, во својот работен век работеле со ученици од сите нивоа на образованието. Како член на Здружението на професори по географија на Македонија „Проф. д-р Љубе Миленковски“ – Скопје, сакам да го потенцирам значењето на нашиот патрон, кој остави посебна трага во нашето учебникарство. Тој беше одличен методичар и уште поголем практичар,**

**кој настојуваше секогаш теоретските знаења од учебникот да најдат практична примена во наставата. Ако направиме анализа на неговите учебници, ќе дојдеме до заклучок дека наставните содржини во нив како од методско-дидактички, така и од педагошко-психолошки аспект, одговараат во целост на психофизичките способности и на возраста на учениците. Неговите учебници беа едноставни и на многу практичен начин ги прикажуваа причинско-последичните врски, поимите и вештините што треба да ги совлада еден ученик. Со користење на овие учебници доаѓаа до израз способноста и вештините на секој наставник одделно. Затоа, нашето географско здружение со гордост го носи неговото име“**, посочува Петровска.

Според професорката, во изминатите две децении сме сведоци на постојано менување на концептите и на нови правила со краток рок.

**„Еден период имавме конкурентност во изборот на учебник, што се покажа како лош и мошне коруптивен приод, крајно опортунистички во однос на тоа кој учебник преку кого ќе биде пласиран до учениците. Учебници со неусогласени податоци и со измислени топоними, афери за наместени тендери, лошо отпечатени учебници и слично. Имавме и ситуација кога учебниците за основно образование ги пишуваа универзитетски професори, кои не можеа да се симнат на нивото и возраста на ученикот за кој пишуваат, па учебници беа напишани на јазик што децата не го разбираат, со многу стручни термини и предолги лошо составени реченици. Денес, пак, имаме електронски учебници полни со материјални и со технички грешки, нејасни фрази, а по определени предмети за некои одделенија воопшто и да нема учебници со години. Како резултат на сето ова, гледаме разочарани ученици, летаргични наставници, лути родители и вознемирена јавност. Едноставно кажано, хаосот што владее во учебникарството само го дополнува хаосот во целото образование“**, вели професорката.

Во 2019 и во 2020 година, Бирото за развој на образованието, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје спроведе повеќе активности за подобрување на квалитетот на учебниците. Тогаш се пристапи и кон изготвување нова концепција за изработка на учебник, методологија за вреднување учебник и низа други документи. Тоа беа последните активности од низата во изминатиот период што имаа за цел да се подобри квалитетот на учебниците, но резултатите на крај се секогаш исти или дури и полоши.

Според Петровска, состојбата денес е таква што навидум постојат повеќе филтри пред да се пушти еден учебник на печатење, односно постои законодавно-правна рамка за проверка на ракописите.

**„Сѐ е некако убаво напишано, но во реалноста се случува нешто сосема друго. Согласно со законот за учебници, секој учебник треба да се изработи според наставниот план и програма за соодветното одделение и предмет, а според Концепцијата за изработка на учебник, на предлог на Бирото за развој на образованието, која на крај ја утврдува министерот за образование. Владината Национална комисија за учебници формира рецензентски комисии за ракописите на учебниците од списокот на избрани рецензенти, а пристигнатите ракописи ги доставуваат до рецензентските комисии и до Бирото за развој на образованието или да Центарот за средно стручно образование. Рецензентската комисија врши стручно вреднување на ракописот согласно со Методологијата за вреднување учебници и доставува стручното вреднување до Педагошката служба во МОН. Бирото за развој на**

**образованието или Центарот за средно стручно образование доставуваат мислење за усогласеноста или за неусогласеноста на ракописите со наставните планови и програми, по што Национална комисија води расправа за стручното вреднување на ракописите од рецензентските комисии и за мислењето од Бирото, и на крај носи одлука за одобрување за употреба на учебник во основното, односно во средното образование, по што учебникот може да се печати“,** вели професорката Петровска и посочува дека Националната комисија за учебници е највисокото тело во процесот на разгледување и на одобрување на учебници од почеток до крај.

Во однос на последните случувања околу учебниците што полни со технички грешки, беа дистрибуирани до учениците, професорката вели дека таквите пропусти се во најмала рака недопустливи и ја отсликуваат реалната состојба во учебникарството.

**„Авторите на најкритикуваниот учебник многу невешто се обидоа сите нотирани грешки да ги сведат на технички пропусти, но јасно е дека тие најмалку се технички. Колку за илустрација, ќе ги наведам страниците од учебникот со географски содржини каде што покрај најважното нагледно средство, картата, напишано е дека Северна Македонија на запад се граничи со Бугарија, а на исток со Албанија. Според авторите на учебникот Монт Еверест е висок 29.035 метри, а Мртвото Море се наоѓа на повеќе од 1.400 метри под морското ниво. Ова се едни од низата материјални и суштински грешки во учебникот, чиј издавач е Министерството за образование и наука, а кој најверојатно ќе продолжеше да се користи и понатаму ако не реагираше стручната фела и целата јавност. Ова не се технички грешки, ова не е само немање ориентација во просторот, ова е немање основни знаења од географијата и целосна површност во работата“**, вели Петровска.

**Според неа, многу е несериозен повикот на Министерството за образование до граѓаните и до здруженијата да пријават грешки во новоотпечатените учебници.**

**„Секое повлекување на учебник од употреба значи немање никаков учебник на подолг рок, па затоа сите на кои им е наменет, се снаоѓаат како знаат и умеат. Јавна тајна е дека ако не се одобри нов, сите повлечени учебници ќе се користат и понатаму од учениците и од наставниците, што делумно е оправдано ако се заемат предвид нивните потреби. За жал, ценам дека оваа состојба и понатаму ќе продолжи поради запоставувањето на учебникарството како висок приоритет на државните институции одговорни за образованието“**, додава таа.

Стандардите за пишување учебници треба да бидат заснован на повеќе барања, и тоа: научни, педагошки и психолошки, дидактичко-методски, етички, јазични, ликовно-графички, технички и други, додека содржината треба да се заснова на научно проверени поставки. Еден современ учебник треба да подлежи на промени и да го следи модерното време, особено кога станува збор за нови релевантни појави и процеси, но колку често и во кој обем е предмет со кој треба да се занимава државата, односно институциите во чија надлежност е учебникарството, тоа е одделно прашање.

**„Повеќедецениските реформи на нашиот образовен систем, а кои досега не родија плод, имаат последици и врз креирањето учебници, кои, за жал, не се имуни на политичкото влијание. Сведоци сме дека стручната фела малку се вклучува во сето ова, а промените на власта доведуваат до некозистентност во креирањето здрав образовен систем и здрави реформи. Секоја влада нуди нови и недоволно аргументирани решенија, небаре сè**


Библиотеката на Универзитетот за туризам и менаџмент датира уште од 2006 година.





**почнува од неа. Периодот во кој треба да се поднесе учебникот е прекраток, а тоа е и причината што мал број автори се јавуваат на повиците. Сериозна личност не би се нафатила да пишува учебник за месец-два знаејќи ги стандардите како треба да изгледа еден учебник. Исто толку објективна причина за оваа состојба се и малите хонорари за авторство, додека хонорарите за рецензирање на еден учебник се несигурни и повторно многу ниски“**, алармира професорката додавајќи дека учебникарството мора да ги следи технолошкиот напредок, трендовите и иновациите во наставата, но секогаш треба да се имаат предвид условите во општеството и неговата подготвеност односно капацитет да ги апсорбира овие промени.

Библиотеката на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје претставува една од најрепрезентативните и модерно уредени простории во објектот. Создавањето и опремувањето на универзитетската библиотека е поврзано со самите почетоци на Факултетот за туризам во Скопје во далечната 2006 година, а со прераснувањето на овој факултет во Универзитет, таа започна да функционира како современа високообразовна библиотека, со цел да овозможи интелектуална поддршка за сите студиски програми  и активности што се реализираат во рамките на Универзитетот.

**„Покрај публикации што се во издание на Центарот за издавачка дејност на Универзитетот, библиотеката изобилува со значителен број библиотечни единици од домашни и од странски автори од релевантните области. Ако се следат светските трендови, неминовно се наметнува и потребата од електронско библиотекарство. Денес, составен дел на универзитетската библиотека е Е-библиотеката, каде што потребните информации и литература, сите заинтересирани субјекти може да ги добијат и во електронска форма. Преку нашата библиотечна евиденција и програмата за е-библиотека, точно може да се следи секој корисник и точно да се види колку и што читаат нашите студенти. Бидејќи се работи за интерна универзитетска библиотека, пред сè наменета за нашите студенти, тие најмногу користат стручна литература во зависност од студиските програми на кои се запишани. Покрај тоа, има студенти што бараат и дополнителна литература на одредена тема според тоа што во текот на наставниот процес ги заинтересирало. Има и такви на кои омилени жанрови им се психологијата и научната фантастика. Често знаат да побараат дело со тематика што буди убави емоции, потоа поезија, како и книги со историска и со филозофска содржина“, завршува професорката Јулијана Петровска и воедно им препорачува на младите да посветат многу повеќе време на книгата, бидејќи само на тој начин ќе го подобрат начинот на нивното изразување на чувствата и мислите.**


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# КОЛУМНА

**Пишува: м-р Билјана Проеска,**
**професорка по македонски јазик и литература**





Билјана Проеска, професорка по македонски јазик и литература.



# СТАНУВА ЛИ ЛУКСУЗ ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЗЕМЈАВА?

Во нашава држава, образованието како да станува луксуз. Од задолжително основно и средно образование, полека се префрламе на ресавска училница. Претходнава година ѝ ја посветивме на учебниците објавени ненавремено, за кои не се знае што е потрагично, дали нивното доцнење или непростливите грешки во нив (факти, податоци, бројки).

Ако ги следи човек сите случувања поврзани со образовниот процес и систем во државава, ќе сфати дека во најбрз можен рок ѝ потребен е рестарт. Имено, се објавуваа конкурси од МОН за учебници со премногу кратки рокови. Наставниците што се нафаќаа да пишуваат, во најголем број не успеваа или успеваа на начин како историчарките што во улога на авторки велат дека Стариот век трае од пронаоѓањето на писмото до V век пред нашата ера. Значи, не само што е проблем периодот, проблем е и терминот.

Како неточни податоци се сретнуваат и најстарите археолошки локалитети, но и многу географски податоци. За новите автори, Монт Еверест е висок дури 29.035 метри (8.849 метри), а Мртвото Море се наоѓа 1.400 метри под морското ниво (427 метри). Тешко е човек да поверува дека еден автор на учебник не ги знае страните на светот, па треба да поверуваме дека нашата земја на исток се граничи со Албанија, а на запад со Република Бугарија. Не би сакала да навлегувам во анализа на некои новокомпонирани дефиниции за човековите права и слободи, бидејќи очигледната недоветност на концепцијата на Мила Цароска е сублимирана токму во учебниците за децата во 4. одделение. Факт е дека ваквите учебници треба што поскоро да се повлечат.

## ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ

И додека децата треба да учат погрешни податоци, се соочуваме со наставници што предавајќи, мора да лажат, а истите тие наставници, ако сакаат да полагаат испит за директор, ќе заглават во лавиринтот на злоупотребата на службената положба од страна на директорката на Државниот испитен центар. Замислете, злоупотребата и самоволието на директорката кулминира со одлука да се поништи испитот на дури 111 кандидати што посетувале обука за лиценца за директор, но според политичките видувања на власта се непожелни. За кое образование да зборуваме кога секој директор се однесува како да е институцијата негова приватна касаба?

Сведоци бевме на постојано одолговлекување на обуките и на изборот на обучувачи, при што имавме и прекршување на Законот, на членот 18 став 8. Всушност, и немаше закажување на трет дел од испитот во законскиот рок. И како во онаа народната „кадија те тужи, кадија те суди“, по претставка до ДПИ, државниот инспектор носи одлука за поништување на испитната сесија, а сето ова оди на штета на кандидатите. Единствената нивна вина е што не се политички омилени ликови. Значи, и покрај еден куп неправилности во работата на ДИЦ и на државната инспекторка, казнети се само кандидатите.

Учебната 2021/2022 беше тешка и предизвикувачка година за наставниот кадар во нашата држава. Рековме дека учебници немаше, а кога на крајот на годината стигнаа, беа преполни со грешки. Постојано се зборуваше за дигитални учебници, но до денес тие не успеаја да ја видат светлината на денот.

Е-дневникот долго време не функционираше, а книжниот го погребавме, иако сѐ уште е незаменлив. Факт е дека имаме нереална претстава за бројот на изостаноци, системот паднал, има-нема интернет. Работното место на многу наставници им висеше на конец бидејќи и приправничкиот испит не се одржа во ноември, а несигурноста на наставниците дава сѐ помал и помал квалитет во образовниот процес. Квалитетот во образованието никако не треба да зависи од мотивираноста на наставниците, но,

за жал, наместо посветеност на работата, наставниците мораа да штрајкуваат поради бедните плати и, за волја на вистината, беа изманипулирани како тројанците.

Истото го доживеаја и универзитетските професори. Професорите и тројанскиот коњ! Она што изненадува е и незаинтересираноста на Владата за вложување во науката. Имено, оваа година се одделени мизерни 268.236.000 денари или 0,08% за наука, од вкупниот буџет на Република Македонија. Ова е уште еден доказ дека оваа држава не е заинтересирана за напредок и наука. Всушност, што да очекуваме и по овие поразителни бројки? Можеби, не дај боже, уште едно труење на студенти со храна што е за потпросечни услови за живот.

Во ера на напредна технологија и буквално компјутеризирање на нашето секојдневие, задолжително мора да се реализираат ветените бесплатни курсеви за стекнување „меки вештини“ за програмирање, графички дизајн, учење јазици, за финансиска писменост, за тргување и вложување во акции, сметководство, претприемништво итн., преку ваучери за учениците и за студентите. Но, ако ме прашате што е најприоритетно за студентите во нашава држава, тогаш без размислување ќе кажам дека прво и основно треба да се почне од изградба на студентски дом во Штип.

Ние мора како сериозна држава-кандидатка за влез во Европската Унија, да обезбедиме пристојни услови за работа и во училиштата и на факултетите, за да докажеме дека инвестирањето во идните генерации е приоритет за нас. Голем дел од постојните училишта функционираат во супстандардни услови и тоа мора да се промени. Потребна е и мерка која ќе донесе поголеми примања за универзитетскиот наставен кадар, и тоа воспоставување методологија со која ќе се обезбеди до 100 000 денари плата за редовните универзитетски професори, до 80 000 денари плата за вонредни професори, до 60 000 денари плата за доценти и до 45 000 денари плата за асистентите на факултетите. Квалитетното високо образование подразбира инвестирање во подобри услови за работа, средства и други лабораторски ресурси, но и мотивиран кадар. Токму со оваа мерка ќе се стимулира квалитетот и мотивацијата на универзитетскиот наставен кадар. Ние мора да работиме и на мерки што ќе го опфатат средното стручно образование во функција на стопанството, односно дуално средно стручно образование, преку проширување на дуалниот систем на стручно образование по принципот учење преку работа на реално работно место, кој ќе развие и стручни компетенции и вештини за адаптирање во работниот процес. Ваквата реформа ќе овозможи брзо вработување на стручниот кадар во компаниите во Република Македонија, со соодветно вреднување на трудот на работниците и, се разбира, ќе го намали иселувањето на младите луѓе од нашата татковина.

Неопходни се и промени во концептот за полагање на државната матура, бидејќи јас и како професор и како прегледувач на тестовите по македонски јазик и литература, увидувам дека есеите  се препишуваат, а дека одговорите механички се заокружуваат. Друго прашање е тоа што државната матура по македонски јазик е иста и за гимназиското и за стручното четиригодишно образование, со оглед на тоа што е различен фондот на часови на неделно ниво. Ние сме далеку од реалноста за квалитетно знаење на учениците по завршувањето на средното образование, па токму затоа можеби е најдобро решение враќање на приемниот испит на факултетите.

Сепак, наша најголема обврска ќе биде враќање на нашите универзитети меѓу првите 1000 според Шангајската листа за квалитет. За жал, денес нема универзитет што е меѓу првите 1000 најдобри во светот. Македонија не постои на мапата за квалитет во високото образование.




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*

# ТЕМА



# ПЕСИМИСТИЧКИ ПРОГНОЗИ ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА, ВЛАДАТА ДЕМОНСТРИРА ПОЗИТИВНОСТ

Нова година, но со стари проблеми. И во 2023 реалност за граѓаните и за стопанството ќе бидат недостигот од инвестиции, огромната инфлација, слабите економски активности. Паднаа во вода надежите дека преткризните нивоа ќе се достигнат во 2023 година. За што побрзо оправување на економијата, неопходно е да станеме отпорни на ризиците однадвор, но со оглед на тоа што сме земја зависна од увоз, очигледно и тоа ќе ни оди тешко. Додека меѓународните финансиски институции почнаа да излегуваат со поскромни проекции за перформансите на македонската економија, Владата и понатаму демонстрира позитивност и има надежи дека планираното овој пат би можело и да се оствари.



**Бизнисот очекува помош од Владата.**
*Извор: Влада*





## НАМАЛЕНИ ПРОЕКЦИИ

Веќе е јасно дека плановите за стабилен економски раст од 4% до 5% на среден рок се невозможни. Прво, пандемијата со Ковид-19, а сега и последиците од војната во Украина си го направија своето. И покрај бројните ризици, Владата скрои рекорден буџет „тежок“ 5,3 милијарди евра, базиран врз проекции за економски раст од 2,9%, преполовена инфлација од годинешната од 7,1% и дефицит од 4,6%. Надлежните не исклучија краткотрајна техничка рецесија, но велат дека тоа би можело да биде само привремено бидејќи во втората половина од годинава се очекува оправување на стопанството.

Експертите, пак, не се баш големи оптимисти. Велат дека никој не може да предвиди што ќе се случува на светските берзи, на кои индексите за нафтата, храната и за енергенсите цело време варираат поради геополитичките случувања. Велат, состојбата во Македонија главно ќе зависи од онаа во Европската Унија, особено во Германија како наш најголем трговски партнер.

Бизнисот е дециден: или помош или половина од фирмите ќе затворат. Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, алармираше дека 2022 година бизнисот некако ја преживеал, но во 2023 година или ќе се оди напред или ќе пропаднеме. Јасно е дека изминатата, 2022 година, беше слаба економска година, што ќе треба брзо да се надмине. Азески најавува дека во средината на јануари во 2023 година, Комората ќе организира традиционална конференција на која политичките партии се очекува да потпишат своевиден рамковен договор за економските реформи што треба да се спроведуваат во земјава најмалку во следните 10 години, и тоа да се направи во соработка со науката и со бизнисот.

**Проекции на Владата за 2023 година**

| | |
|---|---|
| ЕКОНОМСКИ РАСТ | 2,9% |
| ИНФЛАЦИЈА | 7,1% |
| БУЏЕТСКИ ДЕФИЦИТ | 4,6% ОД БДП |
| ЈАВЕН ДОЛГ | 64,4% ОД БДП (8,5 МИЛИЈАРДИ ЕВРА) |

**„Наместо отворени граници, од 2023 година ќе очекуваме ‚војна за таблици‘. Наместо војни во вселената, добивме уништување на ‚зелената‘ (агенда ли е, платформа ли е, трева ли е...). Што зборува сето тоа? За граѓаните не знам. За компаниите, непредвидливост и катастрофа“**, вели Азески.

И од другите стопански комори очекуваат Владата да се фокусира на намалување на сивата економија, на реализација на предвидените странски инвестиции, но и на структурни економски реформи со цел создавање подобри услови за развој на бизнисот.

**Индекс на потрошувачки цени, декември 2022**

| | Ø 2022<br>---------<br>Ø 2021 |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **114.2** |
| ХРАНА И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ | 120.9 |
| АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ, ТУТУН И НАРКОТИЦИ | 107.5 |
| ОБЛЕКА И ОБУВКИ | 101.8 |
| ДОМУВАЊЕ, ВОДА, ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС И ДРУГИ ГОРИВА | 113.3 |
| МЕБЕЛ, ПОКУЌНИНА И РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ ВО ДОМАЌИНСТВАТА | 108.6 |
| ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | 104.0 |
| ТРАНСПОРТ | 119.5 |
| КОМУНИКАЦИИ | 100.4 |
| РЕКРЕАЦИЈА И КУЛТУРА | 104.9 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 100.3 |
| РЕСТОРАНИ И ХОТЕЛИ | 115.5 |
| РАЗНОВИДНИ СТОКИ И УСЛУГИ | 108.9 |

**„Имаме значителен раст на бројот на згаснати компании и ова е друг показател на ситуацијата во која се наоѓа бизнисот. Сметаме дека државата многу зема од приватниот сектор, но не дава во иста мера за возврат, особено сега кога е најпотребно. Токму кога очекувањата на бизнисот се позитивни за 2023 година, во која се очекува ублажување на инфлацијата, Владата презентира идеи за дополнителни даноци и даночни реформи што ја убиваат желбата за водење бизнис во нашата земја во време кога ни е најпотребно да се стимулираат бизнисите, но и младите да ги реализираат своите бизнис-идеи и да го зголемат бројот на деловните субјекти во земјата“**, вели Дрилон Исени од Стопанската комора на Северозападна Македонија.

Енергетската криза премногу удри врз државниот буџет. Бизнисот очекувано бара поголеми инвестиции во обновливите извори на енергија за да се намалат значително трошоците за оваа намена.

**„Енергетската криза нашата земја ја чини и до 700 милиони евра, што е преголема сума. Затоа е потребно да се искористи големиот потенцијал за инвестирање во обновливите извори на енергија. Интерес за инвестиции во овој сектор има како кај домашни, така и кај странски инвеститори. Бенефитот од зелената енергија е во тоа што цената за мегават час електрична енергија произведен од обновливи извори на енергија, во текот на 20 години колку што е нивниот употреблив век чини 40 евра, наспроти 220 или 260 евра, колку што се плаќа сега струјата што ја купуваат компаниите. Исто така е важно е да им се овозможи на компаниите што се на регулираниот пазар да произведуваат електрична енергија од обновливи извори и да може да ги продадат евентуалните вишоци“**, вели Трајан Ангелоски од Сојузот на стопанските комори.

# СВЕТСКАТА БАНКА ВЕЌЕ ТРЕТ ПАТ ЈА НАМАЛУВА ПРОЕКЦИЈАТА ЗА РАСТ НА МАКЕДОНИЈА

Од стартот на војната во Украина во минатата пролет, Светска банка веќе трет пат ја намалува проекцијата за економски раст на земјава во 2023 година. Од 3,1% во јуни лани ја намали на 2,7 во октомври, а сега и на 2,4%. Во најновиот извештај за глобалните перспективи што излезе кон средината на јануари, се проценува дека економијата на Македонија порасна за 2,1 отсто во 2022 година и дека ќе забрза до 2,7% во 2024. Намалени се проекциите и за целиот регион на Западен Балкан.

**„Во Западен Балкан се предвидува растот да забави до скромни 2,5% во 2023 година, иако пристапните реформи за влез во ЕУ и инвестициите ги ублажуваат негативните ефекти од високите цени на енергијата и на храната, нарушувањата на трговските и на инвестициските текови и прелевањата од забавувањето во еврозоната. Постои значителна политичка неизвесност, со ризик парламентарните ќорсокаци да предизвикаат доцнење во спроведувањето на реформите, и на тој начин да се спречи ефикасна апсорпција на поврзаните средства во Босна и Херцеговина, Црна Гора и во Северна Македонија“**, пишува Светска банка.

Отприлика на иста линија со Светска банка е и Народната банка, која во ноември излезе со две сценарија за раст годинава од 2,6%, односно 1,8% во зависност од тоа како ќе закрепнува економијата. Владата, пак, го креираше буџетот за годинава врз основа на прогнози за економски раст од 2,9%.

Инаку Светска банка ги ревидираше надолу проекциите за перформансите на економијата не само за Македонија, туку и за сите држави во регионот. Притоа, најлошо од првичните очекувања ќе поминат Хрватска, која ќе има најнизок раст од само 0,8% и Бугарија со раст од 1,7%. Економијата на Албанија треба да порасне за 2,2%, на Србија за 2,3%, на Босна и Херцеговина за 2,5% и на Црна Гора за 3,4%. Најголем раст во регионот се очекува за Косово од 3,7%.

Светска банка во последниот извештај нотира дека на развиените економии им се заканува рецесија. Банката ги намали проекциите за раст на глобалната економија од 3 на 1,7%. Притоа долгорочното забавување на стопанствата остро ќе удри врз државите во развој. Главните ризици се поврзани со продолжување на војната во Украина, огромната инфлација, високите каматни стапки и намалените инвестиции.

**Проекции на Светска банка за раст во 2023**

| | |
|---|---|
| ХРВАТСКА | 0,8% |
| БУГАРИЈА | 1,7% |
| АЛБАНИЈА | 2,2% |
| СРБИЈА | 2,3% |
| МАКЕДОНИЈА | 2,4% |
| БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | 2,5% |
| ЦРНА ГОРА | 3,4% |
| КОСОВО | 3,7% |

# ПЕСИМИСТИЧКИ ПРОГНОЗИ И НА МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД – ТРЕТИНА ОД СВЕТОТ ЌЕ БИДЕ ВО РЕЦЕСИЈА

Најлошото допрва доаѓа, барем според Меѓународниот монетарен фонд. 2023 година ќе биде тешка, а третина од светската економија ќе биде во рецесија, предупреди директорката на ММФ, Кристалина Георгиева. Според неа, годинава ќе биде уште потешка од претходната бидејќи забавување на економските активности се забележуваат во САД, ЕУ и во Кина. Дури и во државите каде што ќе нема рецесија, стопанството и граѓаните ќе ја почувствуваат кризата што ќе се прелее и во нивните економии. Георгиева рече дека ММФ очекува втората најсилна светска економија, Кина, да порасне под или да биде на нивото на глобалниот економски раст за првпат во последните 40 години. Стопанството на земјата е под влијание на порастот на заболени од Ковид откако беа укинати строгите мерки и напуштањето на политиката „нулта ковид".

**„Трите најголеми економии, САД, Европската Унија и Кина забавуваат истовремено. Очекуваме една третина од светската економија да биде во рецесија. Дури и во земјите што нема да бидат во минус, тоа ќе изгледа како рецесија за стотици милиони луѓе. Економијата на САД е најотпорна, таа може и да избегне рецесија. Гледаме дека пазарот на труд останува силен. ФЕД можеби ќе треба да води остра монетарна политика подолго за да ја намали инфлацијата. ЕУ е силно погодена од војната во Украина. Половината од Европската Унија ќе биде во рецесија годинава. Економијата на Кина дополнително ќе забави. 2023 година ќе биде тешка за Кина"**, вели Кристалина Георгиева, директорка на Меѓународниот монетарен фонд.

Пред неколку месеци, ММФ ја намали својата проекција за глобалниот економски раст годинава на 2,7% поради последиците од војната во Украина, високата инфлација и поради високите каматни стапки. Ова е најлоша прогноза во последниве 22 години, со исклучок на годините на пандемијата и на светската финансиска криза. Фондот, пак, смета дека глобалната инфлација ќе се намали од 8,8% лани на 6,5% во 2023 година. Светските случувања секако нема да ја одминат Македонија.

# 2022 ГОДИНА ЗАВРШИ СО ИНФЛАЦИЈА ОД 14,2%

Конечните бројки за нивото на инфлација во Македонија се поразителни. Земјава се вброи меѓу државите со најголем општ пораст на цените. Во последните два месеца од изминатата година се забележува мало намалување на инфлацијата. Пикот беше достигнат во октомври кога трошоците на живот се зголемија за речиси 20 отсто, додека во декември таа изнесувала 18,7%. Во последниот месец од годината, поскапување имало кај кафето, чајот, какаото, соковите, јајцата, шеќерот. Исто така, енормно зголемување на цените има кај авионскиот превоз – за дури 81%, туристичките аранжмани за 9,4%, како и кај водата, ѓубрарината и парамедицинските услуги.

Во декември, лебот бил поскап за дури 40,1% споредено со истиот месец во 2021 година. Млекото, сирењето и јајцата се продавале за 36,4% поскапо. Месото поскапело за 28%, маслото за 23,7%, рибата за 16,6%, с овошјето и зеленчукот за приближно 14 отсто".

За цела 2022 година, очекувано најмногу поскапела храната, за 21%. Цените во транспортот биле поголеми за 19,5%, а

## ВЛАДАТА ОЧЕКУВА ПРЕПОЛОВУВАЊЕ НА ИНФЛАЦИЈАТА

Владата оптимистички очекува годинава инфлацијата да се преполови од 14,2 на 7,1%. Сепак, аналитичарите предупредуваат дека нема голем простор за радост и за маневар за регулирање на цените. Цените благо ќе почнат да се намалуваат, но инфлацијата ќе остане висока и ќе продолжи да се мери во двоцифрени бројки. Некои основни прехранбени производи ќе ги задржат двојно поголемите цени во 2023 година. Според аналитичарот Бранимир Јовановиќ, инфлацијата ќе падне на 10% годинава, што, вели, не е малку за веќе осиромашениот народ. Поради пролонгирањето на војната во Украина, додава сека никој не може точно да предвиди како ќе се движат цените на храната, нафтата и на енергенсите во наредниот период.

**„Речиси сите институции и експерти алармираат дека европската економија ќе западне во криза. Многумина сметаат дека БДП на ЕУ ќе има дури и пад. Тоа значи дека некои големи промени кога е инфлацијата во прашање не треба да се очекуваат. Инфлацијата почна веќе да забавува, за нијанса е пониска во ноември и во декември. Во наредните месеци веројатно ќе се намалува, но сепак ќе остане двоцифрена во најголем дел од следната година“**, вели Јовановиќ.

Според него, ништо посебно не би требало да се очекува со моменталните владини мерки за сузбивање на инфлацијата. И покрај поевтинувањето на струјата за прехранбените компании, алчноста на трговците била преголема, па ако инспекторите не излезат на терен за да казнуваат, цените ќе останеле вештачки напумпани. Според него, неопходно е Владата да креира мерки за помош на најзагрозените категории на граѓани, бидејќи во спротивно сиромаштијата во земјава нагло ќе се зголеми.

„Ако не се преземат соодветни мерки, бројот на сиромашни во Македонија ќе порасне за 70 илјади. Моментално имаме над 400 илјади сиромашни. Тоа значи дека веројатно ќе се зголеми бројот на сиромашни луѓе за 20%. Тоа е големо покачување во период од една година поради превисоките цени.



оние во ресторантите и во хотелите за 15,5%. Трошоците за домување кај домаќинствата се зголемиле за 13,3%, мебелот се продавал во просек за 8,6% поскапо, алкохолните пијалаци за 7,5%, додека трошоците за култура биле поголеми за речиси 5 отсто.

| ДРЖАВА | ГОДИШНА ИНФЛАЦИЈА |
|---|---|
| ЦРНА ГОРА | 17,5% (НОЕМВРИ) |
| БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | 16,3% (НОЕМВРИ) |
| МАКЕДОНИЈА | 14,2% |
| ХРВАТСКА | 13,5% |
| СРБИЈА | 11,9% |
| КОСОВО | 11,6% |
| СЛОВЕНИЈА | 10,8% |
| ГРЦИЈА | 7,6% |
| АЛБАНИЈА | 6,7% |

# ИНВЕСТИЦИСКИ БУМ ВО ОПШТИНА ЧАИР: СЕ ГРАДИ НАЈГОЛЕМАТА ГРАДИНКА ВО МАКЕДОНИЈА

„Власта во последните две години нема слух за проектите на Општина Чаир. Министрите треба да размислуваат повеќе за локалните власти бидејќи ние сме, како локална власт, првата врата на народот. Ни требаат повеќе инвестиции од нивна страна, почнувајќи од најважното – капиталните инвестиции, инфраструктура, образование, екологија“, вели градоначалникот на општина Чаир Висар Ганиу. Тој во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент открива дека во моментов се гради градинка за 350 дечиња, која ќе биде најголема во Македонија. Ганиу најавува и решение за еден од најгорливите проблеми во општината, недостигот од паркинг-место.


Висар Ганиу, градоначалник на Општина Чаир.





**Заврши една стара година, тешка на економски план за сите граѓани. Дојде нова година, со нов оптимизам и нови предизвици за подобри случувања. Како ја стартувавте 2023 година?**

Секако дека минатата година беше една од тие што не беа воопшто лесни, пред сѐ тука би сакал да ги напоменам последиците од пандемијата со Ковид-19, кои ги почувствуваме и на локално ниво. Но, тоа што уште повеќе ја отежна работата се економската и енергетската криза. Превисоките сметки за потрошена електрична енергија дополнително нѐ спречија да инвестираме во развој на нашата општина. Сепак, и покрај сите тешкотии, ги реализиравме предвидените инвестиции. Новата година ја почнуваме со повеќе предвидени проекти и инвестиции, од кои дел се реализираат преку нашиот буџет, а дел со странска помош.

**Кои ќе бидат клучни проекти оваа година и каде ќе бидат вложени најмногу пари?**

Клучните проекти секогаш имаат единствена цел, тоа е добробитта на нашите сограѓани. Токму затоа ќе се фокусираме на повеќе проекти, за дел од нив веќе се обезбедени средства. Со забрзано темпо се одвиваат работите околу завршувањето на изградбата на најголемата градинка во Македонија „Бамби“ со капацитет од 350 деца, продолжуваат процедурите за проширување на една од најголемите сообраќајни артерии „Цветан Димов“ во соработка со Град Скопје, а работиме и на мегапаркот. Во план се изградба и на две катни гаражи, како и санација на една од најфреквентните улици во Старата чаршија, за што се обезбедени

ГАНИУ: *Секој ден оствaруваме средба со граѓаните на нашата општина. На располагање на моите сограѓани сум 24/7. Кај мене нема посебни денови за граѓаните, туку секој ден, дури и во сабота и во недела, јас сум тука за нив, да ги слушам нивните маки, нивните идеи. И токму затоа мислам дека сме на добар пат за развој на нашата општина, бидејќи најдобрите партнери во реализацијата на сите проекти за нашата општина се токму нашите сограѓани. На крај на краиштата, ние сме првата и вистинската врата на која тропнуваат луѓето кога нешто им треба.*

средства преку Скопскиот плански регион. Во оваа фаза завршуваме со поставување на фотоволтаични панели во три образовни објекти, а во нашиот буџет веќе има прилив на средства за изградба на Салата Партизан, како и на училиштен базен во вредност од 75 милиони денари. Но, не застануваме тука, продолжуваме со санација, модернизација и асфалтирање на патната инфраструктура, онаму каде што е потребно. Најважно од сè е да го зачуваме зеленилото, па токму затоа планираме да креираме и нови зелени површини.

**Колку често остварувате средби со граѓаните и колку успеавте во оваа економска криза да им помогнете на жителите на вашата општина што бараат работа да ја најдат?**

Секој ден остваруваме средба со граѓаните на нашата општина. И кога го добив вториот мандат, го кажав истото што и за време на првиот, дека јас ќе им бидам на располагање на моите сограѓани 24/7, и навистина е така. Кај мене нема посебни денови за граѓаните, туку секој ден, дури и во сабота и во недела, јас сум тука за нив, да ги слушам нивните маки, нивните идеи. И токму затоа мислам дека сме на еден убав пат за развојот на нашата општина бидејќи најдобрите партнери во реализација на сите проекти и видувања за нашата општина се токму нашите сограѓани. На крајот од краиштата, ние сме таа прва и вистинска врата на која тропнуваат луѓето кога нешто им треба. Но, морам да напоменам дека во нашата земја заглави процесот на префрлување на ингеренциите од централно на локално ниво, односно дека бавната децентрализација нè кочи во голема мера да ги решаваме маките на граѓаните.

**Образованието е од особено значење за граѓаните, тоа го истакнавте неодамна со потпишувањето на Меморандумот за соработка со Универзитетот за туризам и менаџмент за доделување стипендии преку**



Висар Ганиу, меѓу граѓаните.

**Фондацијата за стипендирање „Проф. д-р Љубе Миленковски“. Колкав е интересот за продолжување на образованието на Универзитетот?**

Многу често користам една изрека: „Светлината на знаењето е најубавата светлина“, и тоа е навистина така. Интересот за продолжување на образованието е на многу задоволително ниво. Тоа го докажува и фактот дека голем беше интересот за продолжување на студиите и преку стипендиите што ни беа доделени од Универзитетот за туризам и менаџмент. Откако беше објавена веста, веднаш почнаа да нè контактираат млади лица. Повторувам дека ние сме меѓу општините со најмладо население во Македонија, па и бројот на младите што се заинтересирани за студирање расте со многу забрзано темпо во сите универзитети.

**Еден од најгорливите проблеми на граѓаните се лошите услови во училиштата и недоволниот број места во градинките за сместување на децата. Што ќе направите за образованието во вашата општина?**

Како што спомнав претходно, во моментов со забрзано темпо во Општина Чаир се гради најголемата градинка во Македонија, која е со капацитет од 350 деца. Ако поминувате низ Чаир, може да го видите објектот, во кој во моментот се поставуваат и вратите и прозорците. Со изградбата на оваа градинка, убеден сум дека ќе имаме доволно место за сите наши деца. Да бидам искрен, не можам да кажам дека има лоши услови во училиштата во Општина Чаир затоа што постојано инвестираме во нив. Помош имаме и од приватни компании, кои имаат многу инвестиции во училиштата.

**Движењето низ општината, но и паркинг-местата се голем проблем со кој се соочуваат граѓаните неколку години наназад. Дали имате идеја како да го олесните движењето и да го намалите**

**метежот, особено низ главните улици?**

Токму така, затоа и интензивно работиме на проширување на една од главните сообраќајни артерии не само за Чаир, туку и за сите општини околу нас, улицата „Цветан Димов". Таа ќе биде модерен булевар со шест ленти, со зеленило во средината. Убеден сум дека со оваа инвестиција ќе го растовариме сообраќајот во општината. Во однос на проблемот со паркинг, досега требаше да стартува изградбата на 13 катни гаражи, но инвестицијата е стопирана поради законот за стратешки инвестиции, кој сè уште не е изгласан во Собранието. Но, потенцирам, нема да седиме со скрстени раце. Најдовме начин преку меѓуопштинска соработка со Град Скопје, па наскоро очекуваме да започне изградбата на две катни гаражи, една кај Чаирчанка, а другата кај Пластичарската улица. Се надеваме дека плановите ќе ни поминат и дека ќе продолжиме да ги градиме сите други планирани катни или подземни гаражи.

**Загадувањето е на сериозно високо ниво. Скопје и натаму останува еден од градовите со највисок степен на концентрација на штетни честички во воздухот. Дали успевате вие како градоначалник да преземете мерки со цел да помогнете да се намали загадувањето во општината?**

Ние како Општина преземаме мерки во континуитет, во таа насока е и поставувањето соларни панели во шест објекти, а во следниот период ќе бидат поставени дополнително уште во шест објекти. Со тоа очекуваме дека ќе се намали емисијата на штетни гасови, а ќе придонесеме за зачувување на животната средина. Исто така, преку различни проекти финансирани од ЕУ преку програмата Еразмус, се обидуваме да ја подигнеме свеста на граѓаните за зачувување на животната средина. Тука би споменал дека направиме повеќе од сто илјади квадратни метри зеленило, засадивме 2.000 илјади нови садници дрвја.

**Велосипедите се средство за движење на голем дел од жителите, да ги завршат своите обврски или за да стигнат до своето работно место. Дали имате план во вашата програма како да се олесните нивното движење?**

Ние веќе имаме велосипедски патеки, а во план ни е да има нови на улицата Ферид Мурат. Истовремено, оваа година, во знак на зајакнување на свеста на децата за користење на велосипедите како средство



Висар Ганиу, на терен со своите соработници.



Висар Ганиу, во својата работна канцеларија.



и за спортување и за патување до нивните училишта, во пролет ќе ја реализираме и Европската недела на велосипедизмот, каде што семејствата заедно со нивните деца ќе се движат со велосипеди и секако целиот процес е поддржан од нашите партнери, Европската Унија, преку „Еразмус спорт“.

**Колку често остварувате средби со градоначалниците од други општини во Македонија и надвор од нашата држава? Дали имате заеднички проекти?**

Често оствaруваме средби или директно со општините или преку ЗЕЛС. Се обидуваме секогаш да соработуваме, да имаме заеднички идеи и со тие идеи дури да настапиме пред релевантни институции надвор од земјата. Секако соработка имаме и со повеќе општини надвор од државата од разни земји како што се САД, Австрија, Италија, Шпанија, Португалија, Албанија, Косово, Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Турција, со кои веќе имаме и конкретни проекти, па и резултати од тие проекти.

**Колку има власта слух за проектите на општината?**

Власта, слободно можам да кажам, во последните две години има слаб слух за проекти на Општина Чаир. Министрите треба да размислуваат повеќе за локалните власти, оти кажав дека ние како локална власт сме првата врата на народот. Ни требаат повеќе инвестиции од нивна страна, почнувајќи од најважното – капиталните инвестиции, инфраструктурата, образованието, екологијата.

**Дали е тешко да се биде градоначалник во време на голема економска и енергетска криза?**

Јас веќе сум во вториот мандат како градоначалник. Да, задоволен сум од сработеното, иако секогаш има простор за повеќе, но не е лесно да си домаќин на една општина во која живеат 62 илјади жители посебно при економска и енергетска криза, но сепак со тимска работа и со нашиот главен партнер граѓаните, успеваме да бидеме успешни.

**Вие сте сопруг и татко на 3 деца. Колку успевате да одвоите време за вашите најмили?**

Децата и сопругата се мојата вистинска инспирација за сета работа што ја правам. Секако дека успевам да најдам време, но морам да напоменам дека сопругата ми е најголема помош, особено кога сум со премногу работни обврски таа ги презема сите работи околу децата и домот.



# ВОДНО – „БЕЛИТЕ ДРОБОВИ“ НА ГРАДОТ



Деновиве главниот град на Македонија, како и секоја зима, се наоѓа на неславната листа на најзагадени градови на глобално ниво. Мирисот на смог, отпад, запалени гуми, како и маглата, неминовно ги тера жителите на Скопје во потрага по свеж воздух недалеку од местото на живеење. Со години блиската планина Водно е прв избор на Скопјани за кратко неколкучасовно бегство на колку-толку поголема височина. Па така, не ретки се фотографиите направени во јануари од Крстот на Водно облеан во сонце, додека градот тоне во нечистотија неколку стотини метри подолу во котлината. Изградбата на 66-метарскиот Милениумски крст пред 20 години во чест на две илјади години христијанство во Македонија и доаѓањето на новиот милениум беше полн погодок. Денеска, слободно може да се каже дека ова е едно од најпосетуваните места во околината на главниот град не само од скопјани, туку и од сè побројните странски туристи што престојуваат во метрополата. Планинарските и велосипедски тури до Крстот се редовни случувања, особено за викендите. Посетеноста на врвот на планината Водно масовно се зголеми во 2011 година по пуштањето во употреба на жичницата што води до Крстот и која служи за панорамско разгледување на градот. Сепак, многумина почнаа да избегнуваат да го поминуваат времето на Водно. Едноставно, преголемиот метеж, недоволниот број паркинг-места, расфрланиот смет поради негрижата на посетителите и густиот сообраќај за време на викендите, создаваат дополнителна нервоза кај населението.





**Жичницата на Водно.**
*Извор: macedonia timeless*

## „МАРКОВО КРУВЧЕ“

Патот што води од Свети Пантелејмон до средно Водно е тесен. Ниту патот од Сопиште, иако е направен, сè уште не е поврзан со главниот пат што води до Средно Водно, а потоа и до врвот Крстовар. Токму затоа, многу жители од источниот дел на градот главно стигнуваат од Сопиште и до Теферич по планинарските патеки до Средно Водно или, пак, застануваат кај местото наречено „Марково крувче“. Тоа е познато место за пикник што изобилува со летниковци и клупи за одмор, мало детско игралиште и совршен видиковец со можеби најубавиот поглед на Скопје. Имате чувство како градот да ви е буквално на дланка. До локалитетот може да се стигне и од подножјето на Водно. Најлесно е да се остави автомобилот долу на првиот паркинг, на таканаречената раскрсница на Водно, крај патот што се дели лево за Сопиште, а десно за Средно Водно. Асфалтираниот пат накај Сопиште, како што посочивме, не е пуштен за сообраќај, па треба да се пешачи околу половина час нагоре. Главната предност е тоа што е овој пат широк, па дури и да има по некој автомобил, има каде да се паркира крај патот без притоа да им пречи на вљубениците во природата. Недостатокот, пак, за некои, е тоа што овој пат е на отворен потег без многу високи дрвја во околината и е целосно изложен на сонце, што особено може некому да пречи, особено во летните месеци, кога е претопло дури и на оваа височина. Од овој потег до Милениумскиот крст има 4 километри, а за оние со помала кондиција, опција е и Средно Водно, на два километри, до кое се стигнува низ убаво уредена и обележана шумска патека.

**Поглед од Марково крувче.**



## ДАЛИ ЌЕ СТАНЕ ЗОНА ЗА СТАРТ-АПИ ПРОПАДНАТОТО „МАКЕДОНСКО СЕЛО“?

За оние, пак, што се искачуваат на Водно од селото Нерези, прва попатна станица е црквата „Свети Пантелејмон“ и т.н. „Македонско село“, кое се наоѓа веднаш над неа. Комплексот „Македонско село“, кој своевремено беше помпезно најавуван како проект со огромен туристички потенцијал, остана само нем сведок на големите апетити за заработка од туризмот и од угостителството. Денеска, многумина ќе речат дека ниту куче повеќе не лае во „Македонско село“. Комплексот беше отворен во 2016 година во средината на летната сезона, кога Скопје е познато по неподносливите горештини, а бегството на поголемите височини беше главен адут на комплексот, не само преку ден, туку и во вечерните часови. Го карактеризираа прекрасниот панорамски поглед на градот и автентичната атмосфера.

„Македонско село“ беше проект како измислен од „Македонските народни приказни“. Содржеше 12 двокатни куќи. Притоа секоја од нив претставуваше различен регион од Македонија - беровска, делчевска, кумановска, реканска, струшка, прилепска, тетовска, кратовска, галичка, битолска, велешка и скопскоцрногорска куќа. На долниот кат од куќите, според проектот, беа претставени различните занаети карактеристични за регионите, а горните катови требаше да функционираат како хотел. Имаше работилница за филигран, грнчарска работилница, ткајачница. Идејата беше да се фаворизираат старите речиси изумрени занаети и повторно да се оживеат. Во битолската куќа, на пример, се наоѓаше грнчарска работилница, па заинтересираните посетители можеа да влезат внатре, да се обидат сами да направат нешто со помош на занаетчијата вработен таму или пак да купат нешто од готовите производи.

Комплексот вклучуваше и хотел, огромна хортикултурно уредена градина, продавница за сувенири, маркет, три ресторани во кои се служеше автентична македонска храна.

Главен адут на просторот беше што од главниот град до него може да се стигне за релативно кратко време, а истовремено да добиете чувство како да сте на село, далеку од градскиот метеж. Заинтересираноста на Скопјани, но и на другите жители беше огромна. Едвај да можеше да се најде празен простор за паркинг во околината. Рестораните беа преполни. Туристичките агенции што организираа туристички тури низ главниот град ја додадоа и оваа локација во своите агенди.

Сепак, идејата пропадна по нешто повеќе од две години. Хотел „Квинс“ и „Тинекс“ на поранешниот градоначалникот на Општина Центар Владимир Тодоровиќ, кои во јануари 2016 година го добија „Македонско село“ под концесија од 20 години за месечна кирија од 3.500 евра се откажаа. Во октомври 2018, комплексот престана со работа, а концесионерите рекоа дека морале еднострано да го раскинат договорот бидејќи работеле со загуба. Надлежните беа изненадени од ваквата одлука, но не се направи ништо, па комплексот до денешен ден е затворен.

Пред две години, во екот на најголемата здравствена криза предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид-19, тогашниот технички премиер Оливер Спасовски рече дека Владата размислува комплексот да го пренамени во село за старт-апи. Планот беше да се постави брз интернет, а етнокуќите да се пренаменат во простор за заедничка работа на иновативните компании. Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со две меѓународни компании изработи физибилити-студија во која има развиено неколку модели за работа на селото за старт-апи. Сè уште не е избран вистински одржлив модел, но Фондот уверува дека работи

напорно за да се реализира оваа идеја.

Изградбата на комплексот „Македонско село“, почна во 2011 година, со инвестиција на Владата во вкупна вредност од 6,5 милиони евра. Односно, за самата изградба се дадоа 5,2 милиони евра, за внатрешно уредување беа потрошени 1,3 милион евра, 24 илјади евра беа потрошени за електромобили што служеа за пренесување на куферите на гостите во селото, 4.200 евра беа потрошени за патоказите и за ознаките на комплексот, а 2.700 евра чинеа клупите и корпите за отпадоци. Парите од почетната инвестиција никогаш не беа повратени целосно назад.

## МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“

Манастирскиот комплекс ограден со високи ѕидови, а во кој се наоѓаат црквата изградена во македонски стил и манастирските конаци, е добро познато место за скопјани. Манастирот „Свети Пантелејмон“, изграден во 12. век е еден од најстарите и најзначајните манастири во Македонија.

Црквата е градена од кршен камен, тули и малтер. Има комбиниран облик на слободен и вписан крст во правоаголен облик. На западната страна има нартекс со полуобличест свод. Има 5 куполи, од кои куполата над централниот дел на наосот е поголема, а страничните се помали. Кон средината на 16. век, централната купола била урната, веројатно од силен земјотрес.

Свети Пантелејмон.



Подоцна била обновена и повторно живописана. Олтарниот простор е затворен со иконостас изработен од камен. Конаците се обновени.

„Свети Пантелејмон“ е можеби најпознат по живописниот приказ на ликовите на фреските, стил што не бил карактеристичен за византиската уметност. Композицијата „Оплакување Христово“ се одликува со нагласено истакнување на внатрешните чувства на прикажаните личности. Св. Богородица е насликана како мајка што плаче над својот мртов син, а нејзиното лице покажува болен израз на длабока болка. Затоа многу автори оваа фреска ја сметаат за предвесник на ренесансата. Некои сметаат дека ова дело значи дека преобразбата во ликовниот израз карактеристична за ранoренесансните дејци во Италија е, всушност, започната во Македонија, 140 години претходно.

Од отворената тераса покрај манастирот „Свети Пантелејмон“, се протега можеби најубавиот поглед на Скопје. „Свети Пантелејмон“ поседува уникатни конаци. Објектот и преубавата природа, како и зеленилото што го опкружуваат е причината зошто за многумина ова е прв избор за бегство од градот во потрага по душевен мир.

За полесно и побрзо поврзување со Скопје, градските власти пред неколку години, преку ЈСП Скопје воведоа нова автобуска линија што тргнува од Транспортниот центар до крајната станица „Свети Пантелејмон“ и „Македонско село“.

## ОТПАДОТ И УНИШТУВАЊЕТО НА ШУМАТА СЕ НАЈГОЛЕМ ПРОБЛЕМ

Планината Водно започнала да се пошумува пред околу шест децении. Соголениот простор и опасноста од свлечишта биле голема закана за Скопје. Генерациите пред нас биле свесни за опасноста што се заканувала да дојде од планината, па сите масовно почнале да го пошумуваат просторот. За разлика од тоа време, планината масовно се уништува во последниве неколку децении. Неконтролираната изградба на станбени и деловни објекти во заштитената зона, постепено ја уништуваат шумата. Непланското градење неповратно ја нагрдува планината. Наместо градот да се шири во котлината, градежните фирми сè повеќе настојуваат да градат на повисоките места. Одредени населби не можат да се препознаат како изгледале пред 20-тина година и колку нескладно се проширени сега. И покрај апелите на екологзите, се чини дека бизнис интересите се поважни од грижата за т.н. „бели дробови" на градот. Додека планинарите упорно инсистираат на што е можно повеќе планински патеки, еколозите предупредуваат дека сечата на дрва во интерес на зголемување на туристичкиот потенцијал може да ја уништи планината. Таа и онака е веќе нагрдена. Патот што се проби од Сопиште на источната страна на Водно веќе значеше крај за шумскиот фонд по должината на трасата. Дополнително на тоа, и покрај апелите на невладините организации, гасоводот што поминува низ планината, а продолжува кон Тетово и Гостивар, ја дотолчи шумата. Активистите не успеаја да ја спречат неговата изградба и покрај агресивната кампања. За да се надомести штетата што гасоводот поминува токму низ планината, беа одвоени 700 илјади евра. Од парите за пошумување засега нема резултат – ниту се знае дали се наоѓаат сè уште во касата на Град Скопје парите што требаше наменски да се потрошат, ниту пак има макар едно засадено дрво како компензација што гасоводот треба да поминува низ Водно.

Планината има проблем и со отпадот што го фрлаат посетителите насекаде. На некои локации има поставено доволно корпи што редовно се чистат и се одржуваат, но на некои навистина нема каде да се фрли ѓубрето. Оставено на совеста на граѓаните, отпадот сè повеќе ја нагрдува убавината на планината. Често невладините здруженија организираат разни акции за чистење, но тие имаат само привремен ефект. Жално е што туристите, но и скопјани, кои треба најмногу да ја заштитат најблиската зелена зона надвор од градот, го прават токму спротивното.

Сепак, и покрај сите проблеми, планината Водно останува избор број еден за неколкучасовно бегство во викендите надвор од градскиот смог. Прошетките низ планината се незаборавно доживување во сите годишни времиња. Навистина е привилегија да се има блиска планина за бегство на само два-три километри од центарот на градот. Токму затоа и одговорноста е поголема да се зачува нејзината природа и автентичност од несовесната човечка рака.

Отпад на Водно.



## КУНАТА ЗАМИНУВА ВО ИСТОРИЈАТА: ВО ХРВАТСКА НАСТАПУВА ЕВРОТО





По цели 28 години, хрватската куна заминува во историјата. Од Нова година, таа е заменета со евро, а повеќе од 500 милиони банкноти и околу 5.200 тони монети се испратени во машините за сечење и за топење. Хрватската валута беше воведена на 30 мај во 1994 година.

По замената на еврото, Централната банка пушти иста количина пари во оптек како и додека куната беше национална валута на државата. Во изминатите месеци, бизнис-заедницата заедно со граѓаните пуштиле 30 милијарди куни во оптек, а според хрватските аналитичари, тоа е последица на инфлацијата што го поттикнала народот да ги троши штедените пари.

**Добредојде Евро: Хрватска ја замени куната.**
*Извор: Shutterstock*



Повлекувањето на вишокот куни од страна на Централната банка почна во септември во изминатата година, веднаш по туристичката сезона, а ќе продолжи постепено во текот на следните години. Централната банка на Хрватска извести дека рокот на хартиени банкноти е неограничен, додека рокот на монетите е три години.

Хартиените евро-банкноти имаат уникатни мотиви, а монетите, покрај стандардната страна, имаат и национални мотиви на задната страна. Хрватските апоени од еден, два и пет центи имаат натпис ХР на глаголица, на монетите од 10, 20 и 50 центи има слика на Никола Тесла, а на двете евра – карта на Хрватска.

Инаку, од Централната банка велат дека бројот на фалсификувани куни е релативно мал, значително помал од фалсификуваните евра. На пример, во 2019 година биле фалсификувани вкупно 506 парчиња банкноти, во 2020 година 157 парчиња, а во 2021 година 198 парчиња банкноти куни. За разлика од еврото, кога во 2019 година биле фалсификувани 4.280 парчиња банкноти, во 2020 година 237, а во 2021 година 228 парчиња банкноти евра.

# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

## НАЈСКАПИОТ СТАН ШТО Е ВО ПРОДАЖБА ВО ГЕРМАНИЈА ЧИНИ ВИСТИНСКО БОГАТСТВО



Најскапиот стан во Германија се наоѓа во Берлин и чини 17.9 милиони евра. Неговата продажба е објавена на портал за недвижности „Immoscout24“. Во огласот се објаснува дека се работи за 578 квадратни метри ексклузивен „пентхаус“ што се наоѓа во историскиот центар на Берлин.

Апартманот е со девет соби, кои се направени со природен камен и со дрвени подови. Интересен детаљ во него се прозорците што се поставени од подот до плафонот.

Локацијата е на атрактивно место, односно во близината на Државната опера и на форумот Хумболт, ексклузивни места во центарот за сите збиднувања.

Покрај овој ексклузивен стан, на порталот за недвижности „Immoscout24“ се наоѓа уште еден апартман што исто така се наоѓаат во Берлин. Според огласот, седумсобен стан може да се купи во Пренцлауер Берг за 11,5 милиони евра.

Рангирањето се заснова на понудите што се објавени на интернет помеѓу јануари и ноември 2022 година. Наведените цени се цените наведени во огласот, а не цените што купувачите на крајот ги плаќаат за имотот.

**Најскаиот стан за продажба во Германија чини 17,9 милиони евра.**
*Извор: media.buzzl*





Минималната плата во Туција годинава се зголемува за 54%.
*Извор: reuters*

## СО СТАРТОТ НА 2023 ГОДИНА СЕ ЗГОЛЕМУВА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА ВО ТУРЦИЈА

Турција новата година ја почнува со повисока минимална плата за работниците. Годинава таа ќе биде зголемена за 54,5 отсто. Според турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган, нето-минималната плата ќе изнесува 8.500 турски лири, што е околу 450 долари месечно. Претходно изнесуваше 5.500 лири, односно 295 долари месечно.

Според турскиот претседател, ваквата одлука е донесена поради високата стапка на инфлација поради светската економска криза. Тој посочи дека при новата пресметка за платата е посветено големо влијание на правата на работниците и на работодавачите, но не ја исклучува можноста да има и ново зголемување ако има потреба од тоа.

## ВО ЕВРОПА СТИГНУВА ДИГИТАЛНО ЕВРО: НАМЕСТО СО ПАРИ, ЌЕ СЕ ПЛАЌА СО МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА

Дигитално евро ќе стартува годинава како пробен проект. Овие пари би биле електронско платежно средство што ќе може да го користи секоја земја од еврозоната. Нема да има потреба од банкарска сметка туку ќе се користи само преку мобилна апликација.

Проектот го започна Европската централна банка (ЕЦБ), а целта е да ја истражи можноста за маркетинг на сопствената дигитална валута. Сега работната група што е задолжена за реализација на овој проект веќе бара начин кој и како ќе го дистрибуира дигиталното евро до крајните корисници. Друг важен дел е моделот на порамнување, односно систем што ќе проверува дали лицето има доволно пари за да го плати тоа што го сака. За сите работи треба да бидат одговорни централните банки од еврозоната и нивните соработници. Системот мора да биде дизајниран на начин што ниту една од институциите да не може да ја види состојбата на сметките на граѓаните ниту да ги анализира нивните плаќања. Европската централна банка сака системот да биде толку ефикасен како префрлање на готовина од „рака на рака“, односно, секој граѓанин да може во секое време да префрла пари каде што сака, без прекин.

Целта на Централната банка е преку заеднички правила дигиталните плаќања во евра да функционираат низ еврозоната, без разлика на границите.

# ЕУРОСТАТ: ВРТОГЛАВ РАСТ НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ДУРИ ДО 70%

Кризата најмногу удри по житарките, јајцата и по млекото. Овие производи имаат највисоко зголемување во изминатата година. Според официјалните податоци од Еуростат, житарките се зголемиле за 45%, јајцата за 43%, млекото за 31%.

Зголемување на цените е забележано во сите групи производи, со исклучок на овошјето, чија цена паднала за 3%.

Најголема причина за растот на цените е војната помеѓу Русија и Украина, оценува Еуростат.

Првично стартуваа високите цени на нафтата, а потоа на електричната енергија, кои донесоа висока инфлација во речиси сите земји низ светот. Вртоглавиот раст на енергенсите затвори многу бизниси, а останатите компании за да го издржат ударот, постепено ги зголемуваа цените на производите. Со цел, заштита на доволно храна на населението, голем број земји донесоа мерки за забрана на извоз на одредени производи. Тоа дополнително придонесе со отежнување на домашниот буџет на едно семејство.

Еуростат посочува дека кризата ќе се продлабочува особено поради зголемените цените и на основните продукти за производство на храна.

Ѓубривата и подобрувачите на почвата поскапеа за 87%, енергијата и лубрикантите за 59%.

И на крај, Еуростат заклучува дека цените на житариците, јајцата и на свежото млеко пораснаа најбрзо во изминатата година во Финска, Франција и во Латвија.

Просечниот пораст на цените на житариците се движел од 33% во Австрија и во Холандија, до 70% во Финска, јајцата од 6% во Луксембург до 76% во Франција, а откупните цени на млекото од 3% во Кипар до повеќе од 50% во Белгија, Литванија, Унгарија и во Латвија.



Еуростат: Цените вртоглаво растат во сите земји.
*Извор: theguardian*

# АВИОБИЗНИС





## ОД ИСТАНБУЛ ДО СЕЈШЕЛИ, МАКЕДОНЦИТЕ ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ ГО ОБИКОЛИЈА СВЕТОТ

Економската криза и зголемените трошоци за живот не ги предомисли македонските граѓани да патуваат за време на новогодишните празници. По две години отежнато патување, оваа сезона шареноликоста на понудите на македонските туристички агенции го зголеми авантуристичкиот дух кај граѓаните. Интересот беше голем. Европски метрополи за истражување, божиќен базар, одмор во ски-центрите или егзотични патувања. Сите места беа доволно атрактивни за Македонците, но најпосетени беа Истанбул, Белград и Париз, со спектакуларен дочек на Новата година или забава за младите.

**„Новогодишниот период е еден од најпопуларните периоди за патување. Се организираат патувања од различен тип според барањата на патниците. Како најпопуларни дестинации за новогодишните и за божикните празници би можела да ги издвојам Истанбул, Белград, Париз, Венеција, Рим, како и поголемите европски метрополи што се лесно достапни со директни летови од Скопје. Исто така, доста се популарни и патувањата за подалечни дестинации како Израел и Јордан, кои се едно поинакво доживување. Доста голем интерес има и за Египет, каде што во понудата имаме прекрасни ресорти и хотели во кои нашите патници може да ја прослават Новата година на плажа“**, велат од туристичката агенција Аурора. Оттаму појаснуваат дека интересот за патување оваа сезона се вратил на ниво пред почетокот на пандемијата, односно како во 2019 година.

Од Аурора велат дека голем бил интересот од страна на македонските граѓани и за посета на егзотичните дестинации.

**„Најпопуларни се Малдиви, Сејшели, Занзибар, Маурициус, Куба, Пунта Кана и останати. Секоја од овие дестинации има своја приказна која чека да биде**




**Зголемените цени на аранжманите, не ги спречи македонците да патуваат надвор од границите.**
*Извор: La rédaction My B*



**раскажана. Идејата да бидете на плажа и на топло време додека кај нас е зима, секако е многу примамлива, па голем дел од патниците се одлучуваат да посетат некоја од овие дестинации“**, велат од Аурора.

Не се исклучени ниту ски-центрите што се едни од најпопуларните дестинации речиси секоја зимска сезона. Понудата на туристичките агенции и на хотелите во земјите во регионот е многу богата и примамлива. Боровец, Копаоник, Златибор се најчесто посетуваните дестинации. Покрај разновидни зимски активности, во својата понуда имаат одлична услуга со добра храна, сместување и забава. Според претседателот на Туристичко-угостителската комора, Аркан Керим, сите дестинации се атрактивни за граѓаните бидејќи секоја земја знае како да ги продаде. Вложуваат во кампања, постојано, во текот на целата година. Тој за Магазинот за туризам и менаџмент вели дека Србија оваа зимска сезона успеала да се искачи на прво место во зимски туризам, бидејќи земјата инвестирала во реклама за своите ски-центри. Македонија, според Керим, треба да учи како да ги рекламира и да ги продаде своите зимски центри.

**„Цената е главен фактор. Соседството нуди одлични услови за рекреирање. Златибор е хит-дестинација оваа сезона. Убави цени и природа, тоа е доволно за македонските граѓаните. Имаат одлична кампања што привлекува туристи. Златибор има повеќе ноќевања од цела Македонија. Еден ски-центар прави повеќе пари од цела Македонија во сместувачките капацитети во текот на целата година. Но, проблемот кај нас е што за македонската влада туризмот не е приоритет за да се вложува во него. Затоа е потребно посебно министерство за туризам“**, вели Аркан Керим, претседател на Туристичко-угостителска комора.

Според него, властите мора да го ценат

нашето богатство бидејќи тоа, покрај што спасува бизниси, носи и пари во буџетот.

**„Кога имало жичара од Тетово до Шара, Банско не постоело на карта. Сега Банско е препознатлив ски-центар, а Попова Шапка и Тетово никаде ги нема. Има иницијатива за поставување на жичарата, и се надевам дека ќе биде што поскоро. Има интерес од странски инвеститор што сака да го одржува центарот, и тоа е добро бидејќи Шар Планина е богатство на нашата земја, но за жал не знаеме да ја продаваме. Само со една жичара можеме да донесеме повеќе од милион туристи, кои ќе влијаат врз многу бизниси, меѓу кои и хотелите и кафеаните. Власта наместо да вложува, игра пинг-понг со државните објекти. Еднаш решава да ги продава, потоа се предомислува“**, вели Аркан Керим.

Светот, за разлика од нас, ем ги зголемува цените на аранжманите и трошоците за живот, ем има наплив на туристи. Овие новогодишни празници, патувањата траеле од три до десет ноќевања, во зависност од одбраната дестинација. Во однос на превозот, најзастапен бил авионскиот, освен за оние места што се поблиску до нашата земја, до каде што граѓаните патувале со сопствен превоз.

Од „Кроација ерлајнс“, за Магазинот за туризам и менаџмент велат дека најатрактивна дестинација за време на овие новогодишни празници била хрватската престолнина Загреб, каде што секоја година се организира традиционален предбожиken настан, кој се одржува на повеќе места во центарот на градот. Туристите може да видат богата културно-забавна програма.

Од компанијата за македонските граѓани најавија нови дестинации за зимската сезона и за празниците. Авионите на „Кроација ерлајнс“ директно ја поврзаа со 13 меѓународни дестинации, меѓу кои Амстердам, Виена, Брисел, Даблин, Лондон, Париз и Рим. Оние граѓани што сакаат да ја видат хрватската метропола, можат секое утро да се качат на лет и да го видат Загреб. Авиокомпанијата лета од Скопје секое утро.



## КОИ СЕ НАЈБЕЗБЕДНИ, А КОИ НАЈРИЗИЧНИ ЗЕМЈИ ЗА ПАТУВАЊЕ ВО 2023 ГОДИНА?

Македонија е безбедна за патување, оценува компанијата за здравствени и за безбедносни услуги „International SOS“. Нашата земја се најде на листата како земја со низок ризик за евентуални проблеми. Оваа компанија ги предупредува патниците низ светот за сите земји каде што треба да патуваат за евентуални ризици.

Украина во 2023 година ѝ се приклучи на листата високоризични земји за патување поради војната со Русија.

На мапата што е објавена, земјите се означени со бои што прикажуваат пет категории на ризик. Жолтата, со која е означена нашата земја, значи низок ризик.

Компанијата под ризик подразбира проценка за закана од политичко и од етничко насилство, како и од насилен или ситен криминал.

Колку е една земја ризична за патување, се проценува и според ефикасноста на безбедносните и на итните служби, транспортната инфраструктура, како и според подложноста на земјата на природни

# ГОДИНАВА СО МАКЕДОНСКИ ПАСОШ МОЖЕ ДА СЕ ПАТУВА БЕЗ ВИЗА ВО 125 ЗЕМЈИ НИЗ СВЕТОТ

Македонскиот пасош се најде на 44. место според индексот на реномираниот веб-портал „Henley Passport" со седиште во Лондон. Во 2023 година, со него без виза ќе може да се патува во 125 земји во светот. Нашата земја бележи напредок од една позиција во однос на изминатата година, кога се најде на 45. место.

| Пасош | Позиција | Пристап без виза |
|---|---|---|
| Грција | 8 | 185 |
| Словенија | 11 | 182 |
| Бугарија | 18 | 174 |
| Хрватска | 18 | 174 |
| Србија | 38 | 136 |
| Црна Гора | 45 | 124 |
| Босна И Херцеговина | 49 | 118 |
| Албанија | 51 | 115 |
| Косово | 101 | 41 |

На врвот на листата се јапонскиот, сингапурскиот, јужнокорејскиот, шпанскиот, германскиот, италијанскиот, но и пасошите на скандинавските земји. Најдолу на листата се патните исправи на Сирија, Ирак и Авганистан, со кои без виза може да се патува во само во дваесеттина земји во светот.



катастрофи.

Најбезбедни земји во светот се европските, и тоа Норвешка, Данска, Словенија, Швајцарија и Исланд. Сите овие земји се во категоријата безначаен безбедносен ризик.

Австралија и Мароко, кои се едни од атрактивните дестинации за патување, се означени со низок ризик.

Екстремно опасни дестинации за патување се Јемен и Авганистан.




**Најбезбедни земји за патување се европските.**
*Извор: adelaidenow*

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## САИД СЕРЖИО МУСАГИ

**политички и стратешки консултант**





# ОБРАЗОВАНИЕТО Е ОСНОВА ЗА РАЗВОЈ НА СЕКОЈА ЗЕМЈА

МУСАГИ: *Сакам да им се заблагодарам на професорот Аце Миленковски и на целиот академски тим на Универзитетот што ми ја доделија титулата „Doctor Honoris Causa“ како благодарност за мојата посветеност и работа низ годините. Оваа почесна диплома не само што ми го исполни срцето со задоволство и радост, туку и ми даде дополнителен мотив и енергија да продолжам со мојата работа.*

*Всушност, во професорот Аце Миленковски препознавам високо развиена визија за владеење, капацитет за лидерство, искуство, стратешко размислување и посветеност.*

**Ниската инфлација е здрава, но на ниво блиску до 0 отсто инфлација, економијата на земја како што е Македонија веројатно нема да расте. Затоа пак, во многу европски земји, нивоата на инфлација помеѓу 2 и 7 проценти се сметаат за идеални, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, Саид Сержио Мусаги, политички и стратешки консултант и добитник на почесната титула „Doctor Honoris Causa“ на УТМС. Според него, на Македонија ѝ требаат стабилни политики фокусирани на иновативни технологии и стратешки инвестиции, со цел да се избегне зависност од други земји, особено во однос на снабдувањето со храна, обновливите извори на енергија, технолошката модернизација, образованието, туризмот и маркетингот.**




Саид Сержио Мусаги, политички и стратешки консултант

**Господин Мусаги, кон крајот на 2022 година го добивте признанието „Doctor Honoris Causa“ на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за Вашите достигнувања и за Вашиот придонес во развојот на економијата во Република Македонија. Колку Ви значи Вам ова признание?**

Би сакал да ги изразам моите честитки до Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, посебно до ректорот, професорот Аце Миленковски, за одличната работа во промоцијата на Македонија и на Универзитетот во врска со постојните протоколи за меѓународна соработка со други универзитети од светот.

Ваквите меѓународни активности не само што придонесуваат значајно за квалификациите и за постдипломските можности за кариера на студентите, бидејќи образованието е основа за развој на секоја земја, туку се и индикатор за посветеноста на растот и на развојот воопшто.

Ќе ја искористам оваа можност да им се заблагодарам на професорот Аце Миленковски и на целиот академски тим на Универзитетот што ми ја доделија титулата „Doctor Honoris Causa“, највисокото признание што може да го додели еден Универзитет, како благодарност за мојата посветеност и работа низ годините. Оваа почесна диплома не само што ми го исполни срцето со задоволство и радост, туку и ми даде дополнителен мотив и енергија да продолжам со мојата работа.

Всушност, во професорот Аце Миленковски препознавам високо развиена визија за владеење, капацитет за лидерство, искуство, стратешко размислување и посветеност.

**Имате големо искуство и знаење во областите во кои сте активни, во**

**економијата и во образованието. Зад нас е една економски тешка година, полна со предизвици. Како би ја оцениле актуелната економска ситуација во регионот, пред сè во Македонија, која годината ја заврши со инфлација од близу 15 отсто?**

Живееме во глобален свет. Не е тешко да се управува со земја што има два милиони жители. Треба да се применат правилните механизми, политика, дипломатија, лобирање и долгорочна визија. Во фазата на претпристапни преговори со ЕУ, важно е вашата земја правилно да ги искористи структурните фондови и помошта преку реализација на проекти, соодветно резонирање и создавање индустриски зони за поттикнување на економијата и создавање раст, вклучително и во помалку населените места.

Ниската инфлација е здрава. Но, на ниво блиску до 0 отсто инфлација, економијата на земја како што е Македонија веројатно нема да расте. Нивоата помеѓу 2 и 7 проценти се сметаат за идеални во сегашниот контекст за многу европски земји. Повисоките нивоа, пак, водат кон воведување на различни мерки за земјата.

Како корпоративен, политички и стратешки консултант, секогаш советувам сериозно да се земат предвид оние надворешни фактори што можат да предизвикаат повисока инфлација. Потребно е спроведување на контрола на квалитетот на јавните финансии, правилно управување и на микро и на макро ниво и на јавните расходи. Сметам дека стратешките инвестиции се клучни.

Македонија ги има сите предуслови да успее и да се развие во силна и просперитетна европска пазарна економија. Од географска гледна точка, земјата има блага клима, која со добар менаџмент и стратегија за маркетинг е предуслов за развој на туризмот и за поволна економска средина. Според мене, важно е да се создаде комисија за децентрализација. Шпекулативните сили би можеле да имаат штетно влијание врз инфлацијата, а земјата мора да биде внимателна за да го ублажи не само таквото влијание, туку и корупцијата. Исто така, важно е да се справиме со сиромаштијата и со нееднаквоста, кои имаат тенденција да се прошируваат со текот на времето ако се земат предвид инфлацијата и слабата куповна моќ на населението. Тие и самите по себе воопшто не се добри бидејќи водат и до корупција, недостиг од безбедност, тензии и немири меѓу населението, а сето тоа се фактори што ги обесхрабруваат инвеститорите.

Македонија е стабилна земја, има трговски договори со ЦЕФТА и е членка на НАТО, ОБСЕ, ОН, УНЕСКО, СТО, и сето тоа си има свои предности.

**Што, според вас, надлежните во земјава треба да направат за да привлечат повеќе странски инвеститори, со цел да ја зајакнат економијата во овие клучни времиња?**

Македонија е добро позиционирана, граничи со пет земји и сите заедно би можеле да ја искористат таа предност со цел да ги зајакнат стратешките сојузи и економиите на Балканот.

Владата мора да ги нагласи стратегиите за зголемување на видливоста на земјата, вклучувајќи ги економските достигнувања, туризмот и атлетскиот развој, факторите на макроекономски раст што водат до економски напредок и до административната дигитализација. Паметните градови, најдобрите практики за управување со јавната администрација, поделбата на институционалната моќ, можноста за онлајн регистрација за малите бизниси и организации, дигитализацијата на сите архиви и регистри, автоматското издавање документи за идентификација за постојаните жители – сите овие можности им даваат доверба на инвеститорите. Како и секоја економија во развој, Македонија има потреба од странски инвестиции и надградување на работната

сила, што води до економски раст. Европските инвеститори бараат владата да ги третира со истите права како и граѓаните на државата, како дел од инклузивно општество со стабилна администрација.

Затоа, ниту една мала или рурална населена област не треба да остане без водоснабдување, општински водовод, канализациски систем и систем за третман на отпадни води. За ова, од витално значење е да се искористи Програмата за претпристапна помош.

На вашата земја ѝ требаат стабилни политики фокусирани на иновативни технологии и на стратешки инвестиции во клучните сектори, со цел да се избегне зависност од други земји, особено во однос на снабдувањето со храна, обновливите извори на енергија, технолошката модернизација, образованието, туризмот и маркетингот.

**Во поглед на политичките случувања во регионот, како ја коментирате актуелната политичка ситуација на Балканот, особено односите помеѓу Скопје и Софија, и како би можело на дипломатски начин да се надминат овие несогласувања?**

Состојбата со војната во Украина е проблематична за цела Европа, со штетни ефекти особено за земјите од балканскиот регион. Според мене, оваа војна е неповратна грешка, која веќе остави свој белег на поделбата меѓу идните генерации. Мислам дека беа направени голем број дипломатски и аналитички грешки, вклучително и такви што вклучуваат контраразузнавање. На никаков начин снабдувањето со оружје не можеше да доведе до мир. Дали некој ги зел предвид обичните граѓани, руските и украинските деца, економските последици во соседните земји и низ Европа?

Што се однесува на случувањата помеѓу Скопје и Софија, имам свое лично мислење, базирано на моето познавање на балканската историја и на моето повеќегодишно присуство во регионот. Сите правиме грешки. Сепак, преземањето на истата грешка од минатото во сегашноста не носи ништо позитивно за развојот на нациите, нивните економии и за една визионерска стратегија за иднината на нивните граѓани. Граѓаните не можат доживотно да бидат заложници на една или на друга грешка или на историско

Саид Сержио Мусаги, политички и стратешки консултант



толкување, што, пак, не може да се користи за манипулирање со јавното мислење и за политичко дестабилизирање на односите меѓу двете земји.

На Европа ѝ треба безбедност во балканскиот регион. Македонскиот народ и бизнис-лидерите сакаат да бидат дел од ЕУ како полноправна земја-членка. Ова е моето мислење.

На оваа работа политичарите треба да пристапат со зрелост и со меѓусебно почитување, да ги почитуваат економските и стратешките интереси и развојот на земјите и на нивните граѓани, притоа оставајќи настрана какви било политички или други интереси и без губење на идентитетот. Инволвирањето странски државници што не ја познаваат структурата на Балканот внесе сомнеж во однос на поседувањето дипломатски капацитет кај оние што се директно вклучени во преговорите. Едно е сигурно – треба да се фокусираме на иднината, бидејќи минатото не секогаш носи убави спомени. Тоа го очекува младата генерација од нас. Македонија и Бугарија секогаш ќе бидат братски земји, и тоа треба да биде основа за градење дипломатски и стратешки односи, со цел да се постигне доверба и соработка, што секако ќе им биде потребно на двете земји во иднина.

**Господине Мусаги, Вие долги години живеете на Балканот. Што Ви се допаѓа најмногу во овој регион? Дали доаѓате често во Македонија и што е она што Ви оставило најголем впечаток од нашата земја?**

На Балканот живеам од 1994 година, кога бев назначен од тогашниот министер за надворешни работи на Португалија, а подоцна и претседател на Европската комисија, Жозе Мануел Дурао Баросо, за канцелар на Амбасадата на Португалија во Софија.

Како резултат на моите професионални обврски, имав можност да комуницирам со лидери од целиот балкански регион, вклучително и од Македонија, а дел од нив и денес се мои добри пријатели и соработници.

Во Македонија имав можност да посетам многу места: покрај Скопје, ги посетив и Куманово, Битола, Прилеп, Велес, Виница, и секаде запознав пријателски расположени, непретенциозни, интелигентни, вредни и амбициозни луѓе, кои вистински се грижат за својата земја. Ова остава впечаток.

Имам многу среќни моменти и искуства од моето време на Балканот – незаборавни глетки со величествена природа, богата историја, а не можам да не ги споменам и вкусната храна и одличното вино.

Со добро владеење, Македонија може да стане многу богата земја. Инвестициските фондови мора добро да се трошат. Земјата, не е само автопатишта, тековните комуникации се важни за економскиот развој, но не завршува сè тука. Земјата мора да ги отвори своите хоризонти кон надворешниот свет.

Видете, Македонија денеска нема дипломатско претставништво во Португалија, но, од друга страна, тоа не е причина да не ја посетам Македонија и да се чувствувам добро прифатено од сите овде. Настојувам да донесам португалски и други странски инвестиции во вашата земја преку формирање на македонско-португалско здружение.

Важно е да се создадат комерцијални и туристички зони, да се инвестира во руралните и во земјоделските региони. Треба да се спречи одредени региони да паднат во сиромаштија врз основа на стареењето на населението бидејќи порано или подоцна тоа ќе стане проблем.

Не е лесно во неколку реченици да се изрази 29-годишното професионално и лично искуство во источноевропските земји, но за мене најрелевантно е силното чувство и поврзаност што го имам со вашата земја.



# СВЕТСКИТЕ МЕТРОПОЛИ СО СПЕКТАКУЛАРНИ ОГНОМЕТИ И КОНЦЕРТИ, СКОПЈЕ ВО МАГЛА И МРАК

## Како се славеше низ светот, а како кај нас Новата година?

## Ви пренесуваме и дел од најубавите божикни маркети





Каде ќе одите или каде бевте за Нова година? Ова, барам кај нас се најчесто поставуваните прашања пред и по Новата година.

И дефинитивно, новогодишната ноќ е посебно време за многу луѓе низ светот. Време на заедништво, благодарност и надеж додека се навраќаме на годината што изминува и ѝ се радуваме на годината што доаѓа. Но, исто така е време за волшебни огномети и забави, а во тој поглед, дефинитивно има некои дестинации што ги прават новогодишните настани подобри од другите. Некои градови ги издигнуваат своите огномети до нови височини, додека други имаат забавни, шарени традиции што му даваат подлабоко значење на денот.

И додека во изминатите две години за време на пандемијата имаше придушени прослави, годинава светот се релаксираше по нејзиното поминување, па на големо се вратија огнометите и прославите низ светот.

Без разлика дали сме ја дочекале со чаша шампањ, забава со одбројување или интимна вечера, секоја Нова година правиме споредба како се прославува таа во светот, но и како е организирано кај нас дома, барем во главниот град.

Млаки и незабележителни се коментарите на јавноста за дочекот на Новата година во главниот град, Скопје. „Сиромашно“ украсување, програмата за новогодишната ноќ непозната до последен ден, огномет што не можеше да се види од густата магла, беа коментарите на јавноста. Граѓаните констатираа дека во другите градови низ државата, украсувањето било многу подобро за разлика од тоа во главниот град, а најголема пофалба доби градот Крива Паланка, кој беше украсен во вистинска смисла на зборот.

Дека Скопје не е на мапата градовите каде што има добра новогодишна забава, покажа и изјавата на директорот на Агенцијата за промоција на туризмот Љупчо Јаневски, кој пред дочекот на Нова година изјави дека туроператорите годинава не го нудат Скопје како атрактивно место за дочек затоа што нема ниту програма, а ниту пак соодветен декор.



**Нова година во Сиднеј, Австралија.**
*Извор: shutterstock*





Туроператорите годинава не го нудат Скопје како атрактивно место за дочек на Новата година, оти нема ниту програма, а ниту пак соодветен декор, дециден е директорот на Агенцијата за промоција на туризмот, Љупчо Јаневски. Тој е сигурен дека дури и повеќето градови во внатрешноста се подобро организирани и украсени, а тоа дава лоша слика за туристичката понуда на една метропола.

**Сите градови во соседството знаеја што ќе им понудат на посетителите уште на почетокот на ноември, а тоа придонесе нивните капацитети да бидат распродадени на крајот од минатиот месец, како на пример во Ниш, Србија. Нема настани, нема манифестации што може да ја збогатат понудата, а тоа значи дека голем број македонски граѓани ќе се забавуваат надвор од земјава**, изјави пред Нова Година директорот на АПТ.

Како и да е, во оваа компарација ќе ги прикажеме светските метрополи во кои имаше спектакуларна прослава за Новата година.

## СИДНЕЈ, АВСТРАЛИЈА

Благодарение на временските зони, првиот голем меѓународен град во светот што ја дочека новата година е Сиднеј, Австралија. Сиднеј е познат по знаменитостите како што се Сиднејскиот заливски мост и Операта, а и двете знаменитости се вклучени во прославите.

Главниот настан за новогодишната ноќ во Сиднеј е драматичниот огномет што го прави пристаништето на градот уште поубав. Додека големиот момент се случува во 12 часот, градот има дополнителен семеен огномет во 21 часот за да можат најмалите да го видат пред спиење. Огнометот, кој често го користи пристанишниот мост како позадина, трае 12 минути, по една минута за секој месец од годината.



**Нова година во Њујорк, САД.**
*Извор. Dimitrios KambourisGetty Images*

## ЊУЈОРК, САД

Има ли повоздбудливо место за поминување на новогодишната ноќ од Њујорк? На крајот на краиштата, тој е дом на познатото паѓање на топката на Тајмс сквер, традиција што постои од 1907 година и која сè уште привлекува огромни толпи посетители и туристи. Иако можете да гледате како топката паѓа од улица, ќе чекате на студ со часови за да си обезбедите место, нема да можете да се движите дури ни за до тоалет и ќе бидете буквално заглавени на Тајмс сквер со околу 1 милион други луѓе.

Но, има уште многу други работи што може да ги правите во Њујорк освен да бидете на овој познат настан. Во Њујорк, всушност, има забави за новогодишната ноќ низ целиот град. Сепак, едно од најдобрите нешта е да се фати ноќниот огномет додека крстарите по реката Хадсон.

## ЛАС ВЕГАС, САД

Градот на гревот е веќе дестинација за забава, па знаете дека кога станува збор за најдобрите места за прослава на Нова година во САД, тој ќе биде на списокот. На полноќ, различни казина лансираат импресивен бараж огномет од покривите на свои згради. Што се однесува до она што се случува во затворен простор, вечерта се одржуваат специјални концерти во казината, додека ноќните клубови организираат гламурозни забави исполнети со ѕвезди. Во основата, каде и да одите во Лас Вегас за Нова година, се случува нешто посебно. Во Вегас не е секогаш жешко, па не заборавајте да ја проверите временската прогноза и да се облечете топло – пустината многу се лади ноќе, особено во зима.



**Нова година во Лас Вегас, САД.**
*Извор. Lucky-photographer shutterstock.com*

## РИО ДЕ ЖАНЕРИО, БРАЗИЛ

Секој знае дека Рио де Жанеиро сака да се забавува благодарение на култните карневалски прослави. Она што ги прави забавите на новогодишната ноќ во Рио е тоа што тие се случуваат на плажа. Ако сакате да ја дочекате Новата година со околу 3 милиони други луѓе во топло одморалиште на плажа, одете во Рио де Жанеиро. Сите доаѓаат на плажата Копакабана за свеченостите, кои вклучуваат концерти и огномет. Локалните традиции за Нова година вклучуваат носење бело, скокање во вода и замислување желба откако часовникот отчукува на полноќ.



**Нова Година во Рио де Жанеиро, Бразил.**
*Извор. Walter StaebleinMoment RFGetty Images*

## ХОНГ КОНГ, СПЕЦИЈАЛЕН АДМИНИСТРАТИВЕН РЕГИОН НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА


**Нова година во Хонг Конг.**
*Извор. shutterstock*

Една од најфасцинантните азиски дестинации, Хонг Конг, е и амбиент за една од најдобрите новогодишни прослави на континентот. Пристаништето Викторија е клучен дел од градот, па сосема е очекувано да биде во центарот на вниманието на Новата година. На новогодишната ноќ има сензационални огномети што го осветлуваат небото над пристаништето, кои траат десет минути. Совршен поглед на огнометот се добива од чамец или траект во морето.

## КЕЈП ТАУН, ЈУЖНА АФРИКА


**Нова година во Кејп Таун.**
*Извор. Brenton GeachGalloGetty Images*

Уште една причина да го посетите прекрасниот Кејп Таун е новогодишната прослава таму. Овој прекрасен крајбрежен град во Јужна Африка е домаќин на неверојатен фестивал на крајот на годината што ги прикажува најдобрите аспекти од животот.

По должината на градскиот брег ќе најдете секакви видови бесплатна забава, од музика во живо до циркуски претстави. Потоа, тука се уличните забави како на улицата „Лонг“ во центарот на градот и семејниот концерт во градините „Кирстенбош“. И да не го заборавиме полноќниот огномет на Кејп Таун, најдобро гледан од планината Тејбл, иако ќе треба да возите за да го видите зашто жичницата престанува да работи во 21.30 часот.

## ДУБАИ, ОАЕ

Бурџ Калифа во Дубаи е еден од облакодерите што најмногу го привлекуваат вниманието во светот, а тоа е уште повеќе за време на новогодишната ноќ. Во градот што сака спектакл како Дубаи, знаете дека новогодишните прослави ќе бидат незаборавни.

Бурџ Калифа го држи рекордот за највисока зграда во светот, а толпата се собира за дочек со неверојатен огномет. Не премногу далеку, Бурџ Плаза е малку потивок и популарен меѓу семејствата.

Пиротехниката во Бурџ Калифа трае дваесет минути откако часовниците отчукуваат 12 и најдобро се гледа од еден од рестораните што гледаат кон кулата.

**Нова година во Дубаи, ОАЕ.**
*Извор. STRingerAFPGetty Images*





**Нова година во Лондон, Англија.**
*Извор. Melinda Nagy shutterstock.com*

## ЛОНДОН, АНГЛИЈА

Градот Лондон е секогаш подготвен за прослава, па ужива во шансата да ја започне годината со стил.

Одлична позиција за гледање на огнометот е реката Темза, од каде што можете да уживате во спектаклот додека крстарите по неа. Огнометите се лансираат покрај реката, како и од врвот на Лондонското око, но ќе ви требаат билети за поглед од предниот дел покрај водата. Други добри по од кои можете да ја гледате пиротехниката се од врвовите на ридовите како Примроуз Хил и Парламент Хил, или панорамски барови како „Скај гарден“ и „Лондон скај бар“. Откако ќе дојде полноќ, Новата година обично се најавува со ѕвоната на „Биг бен“.

## МАНЧЕСТЕР, АНГЛИЈА

Мултикултурниот Манчестер е познат по своето богато индустриско и поморско наследство и се рангира како втор град во Британија во однос на културното значење. Исто така, има импресивно спортско наследство обележано со два фудбалски тима од светска класа и пофално музичко наследство со еден од најпознатите британски оркестри. Преполн со неоготски згради, одлични музеи и неспоредливи опции за јадење, Манчестер е одличен избор за одмор во градот во Обединетото Кралство.

Градот е домаќин на најдобриот божикен пазар во земјата, каде што над 300 тезги во стилот на вила се распространети низ повеќе локации, привлекувајќи милиони посетители секоја година.



**Божикен пазар во Манчестер, Англија.**
*Извор. Манчестер Сити Маркетинг*

## ЕДИНБУРГ, ШКОТСКА

Впечатливиот град Единбург е преубав со својот драматичен хоризонт, монументален замок, средновековна архитектура, мистериозни ветрови и грациозни градби.

Еден од најдобрите светски традиционални божикни пазари се наоѓа во срцето на центарот на градот. Редици тезги ги искушуваат љубителите на празниците со автентични и занаетчиски производи. Запознајте џуџиња, купете подароци на тема Хари Потер, пробајте локални деликатеси и префрлете се на музички изведби. Надополнете ја екстраваганцијата со возење по 108-метарското око на Единбург. Панорамата е запрепастувачка.

**Божиќен маркет во Единбург, Шкотска.**
*Извор. www.europeanbestdestinations.com*



## ПАРИЗ, ФРАНЦИЈА

Со оглед на тоа што е едно од најромантичните места на земјата, Париз е очигледно едно од најдобрите места за поминување на новогодишната ноќ за парови што сакаат романтична вечер. Кој не сака да ја започне Новата година бакнувајќи ја својата посебна личност во романтичен град како Париз?

Поминувањето на новогодишната ноќ во Париз може да има многу форми. Можеби најпопуларната активност е гледањето на зрачното светлосно шоу на Ајфеловата кула. Друг одличен избор е да отидете во Монмартр и да најдете добра позиција за да го гледате огнометот во градот. Сепак, најпрометното место е преполната улична забава покрај Елисејските полиња.



**Нова година во Париз, Франција.**
*Извор. Melinda Nagy shutterstock.com*

## МОНБЕЛИЈАР, ФРАНЦИЈА

Монбелијар е еден од најубавите божикни пазари во Франција. Светски познат по убавината на своите илуминации, овој божикен пазар е традиционален и автентичен. Сместен во Франш-Комте (Источна Франција), градот Монбелијар, добро познат по гостопримството, се претвора во чиста магија неколку недели пред Божик.

Монбелијар организира божикен пазар како ниеден друг град со 140 прекрасни тезги полни со автентични и со висококвалитетни предмети. Шетајќи по осветлените улици, посетителите може да ги пробаат вкусните гастрономски производи од Монбелијар и од Франција, да им се восхитуваат на разновидноста на уметноста и на занаетчиството, да танцуваат на музика и на звук на хорски песни.



**Божикен маркет во Монбелијар, Франција.**
*Извор. christmasmarketsineurope.com*

## ОСЛО, НОРВЕШКА

Главниот град на Норвешка е впечатлив спој на културни традиции, реномирани музеи и природни убавини. Градот има култура полна со уметност и историја, но исто така е просперитетна метропола и жариште за забави. Во центарот на градот Осло е сместен најголемиот божикен пазар во Норвешка. Украсените тезги, лизгалиште обложено со дрвја, театарот, концертите и возењето во забавен парк ветуваат непрекината забава. Запознајте го и поздравете се со Дедо Мраз и прошетајте низ светкавиот иконски тунел за вистинска норвешка веселба за празниците.

**Божикен маркет во Осло, Норвешка.**
*Извор. shutterstock.com*





**Нова година во Виена, Австрија.**
*Извор. Angyalosi Beata shutterstock.com*

## ВИЕНА, АВСТРИЈА

Додека градот Виена е особено познат по своите божикни пазари, тој исто така приредува неверојатно шоу за да го одбележи почетокот на Новата година. Всушност, Виена ги претвора своите божикни пазари во новогодишни пазари на кои се продава греано вино и разни ситници за среќа.

Но, има многу повеќе за прославите во Виена отколку пазарите. Најпозната е веројатно Новогодишната патека, која содржи серија настани и концерти што се движат низ центарот на Виена. Потоа, тука е пешачката улица Грабен, која се претвора во голема сала за танц на отворено, бидејќи локалните училишта за танц ги учат толпите луѓе да играат валцер.

Обично, од средината на ноември до Божик, најубавите плоштади во Виена се трансформираат во магични божикни пазари. Аромата на божикните пекарски производи создава предбожикна атмосфера.

Ве очекуваат новогодишни подароци, украси на дрва, слатки и топли пијалаци, како и забавни божикни работилници за деца со рингишпил и занаетчиски работи. Дрвјата на околниот парк на Градското собрание се празнично украсени и зрачат во море од светлини – виенско искуство што дефинитивно не сакате да го пропуштите!



## САЛЦБУРГ, АВСТРИЈА

Најубавиот град во Австрија пленува со своите барокни цркви, средновековни палати, концертни сали, манастири, раскошни градини и антички пазари.

Салцбург е идеален за прославување на незаборавен Божик. Пазарните тезги во стилот на 15. век ги привлекуваат посетителите со слатки штрудли од јаболка и со традиционална музика на ветер. Нурнете длабоко во празничното расположение посетувајќи ги концертите во катедралата или пеејќи песни на улиците.



**Божикен маркет во Салцбург, Австрија.**
*Извор. salzburg.info*



Нова година во Берлин, Германија.
*Извор. Neirfy.shutterstock.com*

## БЕРЛИН, ГЕРМАНИЈА

За да најдете место во Европа за да се забавувате цела ноќ на 31 декември, треба само да погледнете во главниот град на Германија, Берлин. Градот е познат по својот жив ноќен живот, што го прави совршено место за дочек на Новата година. Берлин ја носи забавата на улиците, со голема улична забава. Овој огромен собир трае од попладне до 3 часот наутро и привлекува маса посетители. Се разбира, може да ја поминете вечерта во градските клубови, но тоа ќе значи дека ќе ги пропуштите ласерските претстави и огнометите.

Ова се дел од метрополите низ светот каде што секоја година како и оваа има спектакуларна прослава за новогодишната ноќ, па вреди барем еднаш во животот да ги посетите за Нова година.

Но, за голем дел од европските градови, она што е можеби поважно од новогодишната ноќ, е одржувањето на божикните пазари, кои од година во година се натпреваруваат кои се најубави, најукрасени и најпосетени. Во оваа компарација ќе наброиме некои до најдобрите во Европа.

Греано вино, дрвени куќарки, традиционални јадења и музика, осветлени плоштади, или едноставно речено како од бајка излезени, се многу европски градови во декември. И многу специјализирани магазини и останати медиуми прават листа на најпосетени и најубави божикни маркети низ Европа, а ова се некои од нив.

## КЕЛН, ГЕРМАНИЈА

Четвртиот по големина град во Германија, или „Градот на катедралата“, блеска за време на божикната сезона.

Сцената на целата акција е пазарот на плоштадот под Соборниот храм. Овде, најголемата елка во цела рајнска област зазема централно место. Стотици блескави светла, дрвени тезги, регионални јадења и традиционален рингишпил ги привлекуваат локалното население и посетителите. Понатаму, може да застанете и на Божикниот пазар на ангелите на плоштадот Нојмаркт, а има и лизгалиште и разни сценски изведби.



Божикен маркет во Салцбург, Австрија.
*Извор. salzburg.info*



**Божикен маркет во Брисел, Белгија.**
*Извор. еуростар*

## БРИСЕЛ, БЕЛГИЈА

Еден од божикните престолнини на светот, Брисел, секоја година привлекува толпа луѓе за единствената свеченост, „Зимски чуда". Поставката е на монументалниот Гранд плас, кој се смета за еден од најспектакуларните европски плоштади, со накитени еснафски куќи. Освен огромна елка, на пазарот има и лизгалиште, шоу со светлина и звук и препознатливо панорамско тркало. На божикниот маркет има километарски дел од вили покриени со снег, каде што можете да купите свежи вафли, варено вино, белгиски пива и чоколади.

## БУДИМПЕШТА, УНГАРИЈА

Без сомнение, еден од најубавите божикни маркети во Европа е оној во Будимпешта. Град од бајките со грациозни мостови, шармантни дворови и улици, главниот град на Унгарија има безброј изненадувања за да ве привлече.

„Онаму каде што љубовта ви ја зграпчува раката", со овој слоган беа отворени вратите на уникатниот божикен саем во Будимпешта. Од 18 ноември до 1 јануари 2023 година, првиот ден од Новата година, пред Св. Стефановата базилика на еден од најимпресивните, најубавите и највозбудливите плоштади во главниот град на Унгарија, ќе најдете вистински гастрономски авантури.





**Нова година во Будимпешта, Унгарија.**
*Извор. inyourpocket.com*



**Божикен маркет во Граѓнск, Полска.**
*Извор. ichristmasmarketsineurope.com*

## ГДАЊСК, ПОЛСКА

Божикниот маркет во Гдањск се смета за еден од најубавите во Полска. Неверојатниот амбиент на Божикниот саем најмногу го создаваат неговите уникатни пејзажи. За време на Саемот, улиците на Гдањск се претвораат во божикен град. Декорациите за веселба, тезгите со извонредни производи и обемната уметничка програма обезбедуваат секој да најде нешто за себе овде. На саемот има 155 тезги со уникатни подароци, украси и задоволства. Постојат регионални производи засновани на внимателно зачувани семејни рецепти: уникатни ракотворби, украси за домот, природна козметика, топли зимски додатоци и зачини што ќе ве загреат.



**Божикен маркет во Талин, Естонија.**
*Извор. Visit Estonia*

## ТАЛИН, ЕСТОНИЈА

Главниот град на Естонија е културно жариште со добро сочуван град со ѕидови исполнет со антички цркви, средновековни улици и аристократски трговски куќи.

Калдрмените улици на плоштадот Таун хол, покриени со снег, се локацијата за најепскиот божикен пазар на континентот. Токму на овој пазар била изложена првата новогодишна елка во Европа во далечната 1441 година. Набавете рачно изработени венци, локални занаетчиски изработки, килими од овча кожа, пред да влезете да го видите Дедо Мраз во неговата зимска пештера.



## ПРАГА, ЧЕШКА

Прага е совршена разгледница од средновековни мостови, величествен замок, антички плоштади и кривулести калдрми. За време на божикниот маркет, плоштадот врие од емисии во живо, концерти со песни и од танцови изведби. Боемски стаклени артефакти, дрвени играчки и разни колачиња се достапни во тезгите. Зачинето варено вино, гурманските специјалитети и бисквитите се мелем за гастрономските нагони.



**Божикен маркет во Прага, Чешка.**
*Извор. visitczechrepublic.com*



## ЗАГРЕБ- ХРВАТСКА

Од светските патници божикниот пазар во Загреб има добиено титула за најдобар божикен пазар во Европа. Програмата „Адвент“ на хрватскиот главен град брзо се прошири и допира до сите краеви на градот, со богата програма од настани, концерти, гастрономска понуда, лизгање на мраз, детски активности и многу повеќе, сето тоа осветлено со вкус со празнично осветлување. Оваа година магичната понуда на градот привлече стотици илјади посетители.



**Божикен маркет во Загреб, Хрватска.**
*Извор. visitczechrepublic.com*




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент.


ЗА ТУРИЗАМ

# Superbrands

## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC